# ПОЛИТИЧКА МИСЛА

ГОДИНА 23, БРОЈ 71, ДЕКЕМВРИ, СКОПЈЕ 2025

71

младиобразование

политика

регулација

избори

дигитализација



# ПОЛИТИЧКА МИСЛА

ГОДИНА 23, БРОЈ 71, ДЕКЕМВРИ 2025, СКОПЈЕ

71

KONRAD ADENAUER STIFTUNG
25 Jahre

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis - Skopje

Издавачи:

Фондација „Конрад Аденауер“, Република Северна Македонија
Институт за демократија „Societas Civilis”, Скопје

Основачи:

д-р Ѓорге Иванов, м-р Андреас Клајн

„Политичка мисла“ - Уредувачки одбор:

| | |
|---|---|
| Даниел Браун | Фондација „Конрад Аденауер“, Германија |
| Ненад Марковиќ | Институт за демократија „Societas Civilis“ Скопје, Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија |
| Иван Дамјановски | Институт за демократија „Societas Civilis“ Скопје, Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија |
| Ханс-Римберт Хемер | Пензиониран професор по економија, Универзитет во Гисен, Германија |
| Клер Гордон | Лондонска школа за економски и политички науки, Велика Британија |
| Роберт Хислоп | Оддел за политички науки, Унион Колеџ САД |
| Ана Матан-Тодорчевска | Факултет за политички науки, Универзитет Загреб, Република Хрватска |
| Предраг Цветичанин | Универзитет во Ниш, Република Србија |
| Владимир Мисев | Меѓународен експерт за јавни политики и избори |
| Сандра Коњачкова | Фондација „Конрад Аденауер“, Република Северна Македонија |

Адреси:

ФОНДАЦИЈА „КОНРАД АДЕНАУЕР“,
„Ристо Равановски“ 8, МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3217 075 ; Факс: 02 3217 076
E-mail: Skopje@kas.de, Интернет: www.kas.de

ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА “SOCIETAS CIVILIS” СКОПЈЕ,
Мирослав Крлежа 52-1-2 МК-1000 Скопје Тел./факс: 02 30 94 760,
E-mail: contact@idscs.org.mk Интернет: www.idscs.org.mk
E-mail: map@yahoogroups.com

Печат: Винсент графика - Скопје.
Дизајн и техничка подготовка: Пепи Дамјановски.
Јазична редакција на македонски: Елена Саздовска.

**Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер” и Институтот за демократија „Societas Civilis”, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот. Списанието се издава 2 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Северна Македонија и во Европа. Оваа публикација служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.**

Година 23, број 71,
декември 2025, Скопје,
ISSN 1409-9853

# Содржина


ИЗГУБЕНИ ВО „REELS“ И „RAGE“? 5

Константин Ото

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025: ТИВКА ПОРАКА, ПРАЗНИ КУТИИ И ПАДОТ НА ВЕЧНИТЕ ПАРТИСКИ БАСТИОНИ 13

Александра Јовевска Ѓорѓевиќ
Ѓорѓи Хаџи Василев

ОД УЧИЛНИЦАТА ДО ЗАЕДНИЦАТА: СО ГРАЃАНСКО И ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ДО ПОВЕЌЕ ОДГОВОРНОСТ И СОЛИДАРНОСТ 27

Борјан Ѓузелов

НЕКОНТРОЛИРАНА АЛГОРИТАМСКА МОЌ 39

Пенчо Кузев

МЛАДИТЕ, КУЛТУРАТА И ИДНИНАТА НА ТРУДОТ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА: ПОМЕЃУ РЕАЛНОСТА И ДЕМОКРАТИЈАТА НА ИДНИНАТА 47

Мирчо Крстески
Владимир Грујески
Стефан Ивановски

ГЛАСОВИ ВО ТИШИНАТА: КАКО МАКЕДОНСКАТА МЛАДИНА СЕ СНАОЃА ВО ПОЛИТИКАТА 55

Анита Николовска

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Константин Ото**

роден 1983 во Бон, раководител и уредник на блогот на списанието „Die Politische Meinung“.

Полемика
UDC 004.773.7-053.6:[329:342.8(430)

Константин Ото

# ИЗГУБЕНИ ВО „REELS“ И „RAGE“?
## ТРКАТА НА ПАРТИИТЕ ЗА ПРИСУСТВО НА „TIKTOK“

Дали „TikTok“ ги решава изборите во Германија? Домашните емпириски истражувачи понекогаш го негираат тоа – најчесто повикувајќи се на нискиот удел на гласачи, кои првпат гласаат и млади гласачи во вкупното избирачко тело. Сепак, загриженоста за влијанието на големите платформи врз младата генерација расте. На крајот на краиштата, таа на изборите за Бундестагот во 2025 година претежно гласаше за партии на политичките маргини. На 23 февруари 2025 година, 25 % од гласачите на возраст од 18 до 24 години гласаа за партијата „Дие Линке“, 21 % од гласовите во оваа старосна група отидоа кај АфД, која така заврши на второто место, а шест проценти гласаа за новоформираното, во 2024 година, движење „Сојуз Сара Вагенкнехт“ (BSW).




Извор: „TikTok“, 26.08.2025

Освен што изборното однесување на најмладите гласачи ја заматува перспективата за позитивен демократски развој, политичкото влијание на припадниците на генерацијата Z – односно гласачите од 18 до 24 години – не треба да се потцени. Околу 4,1 милиони од вкупно 60,5 милиони избирачи припаѓаат на оваа група; тоа е околу седум проценти. Доколку овие седум проценти немаа претежно гласано за партии од политичката крајна десница или левица, двотретинското мнозинство на партиите од центарот во Бундестагот можеби немаше да се изгуби. На изборите во 2021 година, Зелените го постигнаа најсилниот резултат кај младите гласачи со 23 % (во 2025: 10 %), а ФДП достигна 21 % (во 2025: 5 %).

Дискусиите околу влијанието на социјалните мрежи врз изборите не претставуваат новина. Уште во 2016 година, списанието „*Der Spiegel*“ го нарече „Facebook“ „машина за обликување на мислење и потенцијална манипулација“. Години подоцна, „TikTok“ е во центарот на дебатата, иако со проценети 1,6 милијарди корисници во светски рамки – по „Facebook“ (3 милијарди) и „Instagram“ (2 милијарди) – претставува „само“ трета најголема социјална мрежа. Сепак, токму младите интензивно ги користат интернет-платформите: во Германија 99,5 % од младите на 18 до 25-годишна возраст користат социјални медиуми, од кои 91,5 % секојдневно. „TikTok“ има околу 22 до 25 милиони активни корисници месечно во земјата. Иако така е на третото место, интензитетот на користење е особено висок: корисниците на „TikTok“ во Германија просечно поминуваат 35 часа месечно на платформата и ја отвораат околу десетпати дневно на Андроид уреди. Само „WhatsApp“ се отвора почесто – осумнаесет пати дневно.

„TikTok“ претставува пример што ги одразува комуникациските потреби на генерацијата „Z“: платформата забавува, ја убива здодевноста, информира. Кога станува збор за политичка содржина, која потешко се пробива во социјалните мрежи, доминира перцепцијата дека партии од политичката крајна десница или левица се особено успешни на „TikTok“ и дека таму прецизно ги пласираат своите спорни пораки кон младите. Како реакција на критиките, во кампањата за изборите за Европскиот парламент 2024, некои профили што паѓаа в очи – како оној на политичарот на АфД, Максимилијан Крах – беа ограничени или избришани од „TikTok“.

## ПРЕДНОСТ НА СТАРТОТ ЗА ПАРТИИ ОД ПОЛИТИЧКАТА КРАЈНА ДЕСНИЦА ИЛИ ЛЕВИЦА

Еден поглед на партиските профили ја потврдува оваа „ранг-листа“: Алтернатива за Германија АфД (@afdfraktionimbundestag) има 630.000 следбеници и 11,6 милиони лајкови, Левицата (@die.linke) речиси 410.000 следбеници и 9,9 милиони лајкови. ЦДУ (@insideCDU) стои многу послабо со околу 88.000 следбеници и два милиона лајкови. Профилот на пратеничката група @cducsu има околу 30.000 следбеници и 400.000 лајкови. СПД (@deineSPD) има исто така 88.000 следбеници и 2,3 милиона лајкови, дополнети со профилот на пратеничката група (@spdbt) со 170.000 следбеници и 3,2 милиона лајкови. Зелените (@diegruenen) имаат 80.000 следбеници, а профилот на нивната пратеничка група (@gruenebundestag) околу 30.000 следбеници (состојба: 26 август 2025).

Бројките зборуваат сами за себе: партии од центарот, иако водат сопствени канали и меѓусебно се движат приближно изедначено, според класичните „TikTok“-показатели – следбеници и лајкови – сепак значително заостануваат зад партиите од политичката крајна десница или левица. Дека овие показатели корелираат со изборните резултати кај младите гласачи од 18 до 24 години, е веројатно повеќе од случајност: Левицата 25 %, АфД 21 %, ЦДУ 13 %, СПД 12 %, Зелените 10 %.

Причините зошто партиите на крајот од политичкиот спектар допираат до повеќе луѓе на „TikTok“ не лежат само во нивната остра политичка реторика. Нивните објави секогаш целат кон интеракција – а алгоритмот ја наградува интеракцијата. Овие партии вложија многу порано во „TikTok“ и развија професионални инфраструктури. Претседателката на АфД, Алис Вајдел, е присутна на оваа платформа од август 2021. Нивната пратеничка група го објави првиот видео-пост на 27 јануари 2022.

ЦДУ започна со индивидуални иницијативи како онаа на Уве Дорендорф во Долна Саксонија, чиј профил е активен од март 2021. Првата објава на @CDUDeutschland е од 26 февруари 2024. СПД започна со „TikTok“ само неколку недели претходно, во јануари 2024. Во изборната кампања за Бундестагот 2025, речиси сите партии беа активни на „TikTok“.

Олаф Шолц под профилот @TeamBundeskanzler од април 2024 забележа вирални хитови. Неговата актовка, сепак, стана повеќе извор на шеги отколку носител на политички пораки. И други профили постигнаа висока гледаност, меѓу кои и @ teammerz2025 со над 22.000 следачи. Се објавуваа професионално произведени содржини кои имаа значителен ефект во кампањата; меѓутоа профилот престана да функционира на 23 февруари 2025.

Одѕивот кон кампањите на социјалните мрежи беше разновиден. АфД ја искористи својата временска предност – со учество на политичари на сите нивоа и со поддршка од микро-инфлуенсери кои целно ширеа содржини блиски до партијата. Притоа честопати тоа беа мали профили со неколку илјади или десетици илјади следачи, но беа високо доверливи во одредени онлајн заедници и така делуваа како дигитални мултипликатори. Самозајакнувачки ехо-комори веќе постоеја и дополнително го засилуваа ефектот. Активна и „тренирана“ заедница со коментари, лајкови и споделувања ѝ обезбеди на партијата огромни досези. Едноставни пароли како „Биди паметен, гласај сино“ биле присутни дури и по училишните дворови – нешто што не би се постигнало преку линеарните медиуми како телевизијата или радиото.

## ДИГИТАЛНИ ПРЕТПОЛИТИЧКИ ПРОСТОРИ

Истото важи и за повикот на Хајди Рајхинек „На барикадите“, кој имаше мобилизирачки ефект во последните денови од кампањата. Со 620.000 следбеници, Рајхинек стана „TikTok-тешкаш“. За споредба: @Larsklingbeil има 29.600, @ roberthabeck 107.000, @markus.soeder 283.000, а @merzcdu 185.000 следачи. Надмината е само од @alice_weidel_afd со 977.000 следачи (26.08.2025).

Така, политичарите од партиите на крајот од политичкиот спектар се далеку поуспешни на социјалните медиуми отколку оние од центарот; на пример, регионалниот политичар од АфД, Улрих Зигмунд (@mutzurwahrheit90) има повеќе од 563.000 следбеници. Но нема причина за очајување – изразената способност за „згуснување“ на пораките не претставува непремостлива предност. Дури и политичките „тешкаши“ на „TikTok“ се далеку зад профилите од спортот, забавата или лајфстајл-сферата. Тони Крос има 12,2 милиона следачи, одбојкарот Тобиас Крик 5,6 милиони, а атлетичарката Алиса Шмит 2,2 милиона. Ова покажува дека популарноста и професионалната презентација се клучни за успешни профили. За партиите од центарот тоа значи дека треба да се фокусираат не само на зголемување на нивното дигитално присуство, туку и на тонот, естетиката и разбирањето на форматите.

Партиите од крајот на политичкиот спектар ги користат можностите на платформата за создавање контрајавност на традиционалните медиуми. Освен тоа, платформите нудат дигитален пристап до нови претполитички простори во кои политички релевантни содржини постигнуваат високи досези без да поминат преку официјални партиски канали. Во тој контекст, трети профили – „политички претполиња“ – стануваат сè поважни за градење на дигиталното мислење. Тие наизглед се неповрзани со партиите, делуваат на прв поглед како „lifestyle“ или забавни профили, но пренесуваат содржини блиски до нивните политики. Ова важи за „TikTok“-формати како „TradWives“, фитнес-инфлуенсери или модели со тетоважи кои во кратки видеа со привлечна музика пренесуваат едноставни политички слогани. Таквите содржини како дел од алгоритмот постигнуваат висок досег и воспоставуваат врска со корисници далеку надвор од сопственото политичко опкружување. Исто така се појавуваат во дневните „feed-ови“ на младите и се споделуваат меѓу другото и во училишните дворови и влијаат – како што беше случај со контроверзните „Sylt-видеа“ со нивните ксенофобични рефрени очигледно и врз пограѓанската клиентела.

## КРИТИЧНО РАСПОЛОЖЕНИЕ КОН ЦДУ НА „INSTAGRAM“

СПД и Зелените имаат значително поголема поддршка на „Instagram“ – платформата за „малку постарите“ – отколку ЦДУ, и тоа благодарение на познати личности со голем досег. На пример, долгогодишен член на СПД Мари фон ден Бенкен (@ regendelfin, 221.000 следбеници), редовно, покрај слики од светот на модата и славните, споделува и политички содржини; или Џиана Бакио (@giannabacio, 134.000 следачи), сексуален педагог и поткастерка, која во кампањата јавно им се придружи на Зелените и ги повика своите следбеници за „подобар“ политички ангажман.

На „Instagram“ доминира критички став кон ЦДУ – и од левицата и од десницата. Нема доволно влијателни христијанско-демократски претпрофили или трети профили со голем досег, а постојните профили кои ја поддржуваат ЦДУ се со низок досег. Претежно критичкиот став кон ЦДУ-позициите што владее на платформата ѝ отежнува на партијата да постигне резонанца во тој дигитален простор. Еден екстремен пример е профилот @frauen.gegen.merz со 116.000 следбеници, наспроти @Frauenfürmerz со само 1.910 следбеници. Единствениот добро функционирачки профил со голема видливост е @merzrevolution со 96.000 следбеници.

Екстремно десните актери веќе подолг период не го користат „TikTok“ само за провокативни мемиња и кратки видеоформати, туку и за еднострано ширење на информации. Понудата на партиите од центарот мора внимателно да ја следи „културната согласност“ со платформата: „TikTok“ наградува автентичност, брзина и популистичка острина. Наспроти тоа, „Instagram“ следи поинаква естетика – „lifestyle“, визуелна прецизност и морален поттекст поврзан со прогресивни наративи. Публиката таму е постара, поурбана, академски ориентирана и политички најчесто лево од центарот.

## ДА СЕ „ПРЕПЛАВИ“ ПЛАТФОРМАТА СО ИНТЕЛИГЕНТНИ СОДРЖИНИ

Животниот светоглед на младите денес е обликуван од паметниот телефон. Информации, забава, социјални контакти – сè поминува преку телефонот, секогаш и секаде. И „TikTok“ е секогаш присутен. Платформата поставува теми и трендови кои класичните медиуми само подоцна ги преземаат. Влијанието на оваа или на идните платформи ќе продолжи да расте, што неминовно ќе има последици врз изборите.

Партиите кои сакаат да останат релевантни мора да се приспособат на новите услови.

Клучно е да се разбере како соодветно да се креираат содржини за платформите и како да се мобилизира сопствената заедница. Следбениците на партиите од крајот на политичкиот спектар веќе се навикнати „во вистинскиот момент“ вознемирено да коментираат, споделуваат или масовно да лајкуваат. Партиите од центарот не поседуваат сè уште вакви следбеници што може да ги „мобилизираат“.

„TikTok“ функционира преку емоции и заострување на тонот на пораките. Тоа што партиите од центарот се помалку успешни во ова, во основа е позитивен знак. Но тие мораат креативно да го надминат ова ограничување. Иако разбирањето за платформата во меѓувреме се зголемува, останува предизвикот да се погоди јазикот на „спротивставениот медиум“.

Во меѓувреме, важноста на вертикалниот 9:16 формат, соодветен на мобилните уреди е признаена. Редакциите за онлајн-содржина се создаваат или се прошируваат. Но професионално водени партиски профили не се доволни за посакуваниот ефект на „TikTok“. Неопходно е платформата „да се поплави“ со сопствени квалитетни содржини. Потребни се трети-профили, дигитална заедница која постојано е вклучена, инфлуенсери и добро координирани кампањи.

Сепак, „TikTok“ не го заменува целото поле на политичката комуникација. Партиите што би се фокусирале само на „TikTok“, без да ја имаат предвид „следната платформа“, ќе заостанат. Старите платформи како „Instagram“, „YouTube“ или дури „Facebook“ не смеат да се напуштат – тие мора да се полнат со соодветни и автентични содржини за да се опфатат различните целни групи.

И конечно: со појавата на содржини генерирани со вештачка интелигенција, сè потешко е да се разграничи автентичноста од манипулација и целната дезинформација. Затоа е уште поважно партии од центарот да бидат присутни навреме, верно и креативно – и во старите и во новите дигитални простори – пред тие да бидат окупирани од други политички сили. Оваа трка одамна е започната и станува сè поважна за исходот на изборите.

*Првпат објавено во: Die Politische Meinung, 70 година, Бр. 592, септември 2025, стр. 80–86, достапно на: [www.kas.de/de/web/die-politische-meinung/artikel/detail/-/content/lost-in-reels-und-rage-1](www.kas.de/de/web/die-politische-meinung/artikel/detail/-/content/lost-in-reels-und-rage-1)*

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



### Александра Јовевска Ѓорѓевиќ

Александра Јовевска Ѓорѓевиќ е магистер по бизнис администрација (MBA) од Универзитетот во Шефилд и магистер по политички науки од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Работи како раководител на Центарот за парламентарна поддршка и демократизација и како виш истражувач во Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС). Во оваа улога, таа води истражувања засновани на докази, развој на програми и координација со донатори во рамките на Програмата за поддршка на Парламентот, придонесувајќи кон реформите во надзорот, транспарентноста и политичката инклузивност.



### Ѓорѓи Хаџи Василев

е млад истражувач, дипломиран политиколог и магистранд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Тој работи како помлад истражувач во Центарот за добро управување при Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје и е стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер“ од 2024 година.

Полемика
UDC 342.8:352(497.7)"2025"

Александра Јовевска Ѓорѓевиќ
Ѓорѓи Хаџи Василев

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025: ТИВКА ПОРАКА, ПРАЗНИ КУТИИ И ПАДОТ НА ВЕЧНИТЕ ПАРТИСКИ БАСТИОНИ

ПОЛИТИЧКА МИСЛА
71

Локалните избори 2025 се одржаа во период на засилена политичка чувствителност, во кој самиот изборен процес стана подеднакво важен како и политичките актери што учествуваа во него. Честите и доцни измени во изборното законодавство, особено околу условите за независните кандидати и медиумското претставување, создадоа амбиент на непредвидливост кој директно влијаеше врз перцепцијата за фер и инклузивен изборен натпревар.

Падот на излезноста и растечкиот број неважечки ливчиња дополнително укажуваат дека дел од гласачите се соочуваат со замор, недоверба или протестно расположение. Истовремено, локалните резултати покажаа значајни поместувања: промена на традиционални политички упоришта, растечко влијание на независни кандидати и нови односи меѓу политичките субјекти.

Со оваа анализа се настојува да се разбере зошто овие избори се разликуваат од претходните, и локални и парламентарни, и како измените во правилата, однесувањето на гласачите и локалните политички динамики создадоа поинакви изборни исходи. Така, изборите 2025 се третираат како важен показател за подлабокиот правец во кој се движи локалната демократија во државата.

## 1. ИЗМЕНИТЕ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025

Локалните избори во 2025 се одвиваа во услови каде што изборното законодавство имаше исто толку значење колку и самите кандидати и нивните кампањи. За разлика од претходните циклуси, каде што измените на Изборниот законик служеле повеќе како техничко приспособување, во 2025 тие беа со потенцијал директно да ја обликуваат изборната понуда, рамноправноста на трката и степенот на политичка инклузивност. Беа донесени неколку суштински измени во делот за финансирање, медиумско претставување, изборна администрација и правото на глас, како и сегментот кој предизвика најголемо внимание на политичкиот терен, условите за настап на независни кандидати.

Покрај формалната цел за подобрување на интегритетот на изборниот процес, измените во нормативната изборна рамка беа со потенцијал за фаворизирање на структурно посилните партии и ограничување на политичката конкуренција. Правниот вакуум кој беше создаден непосредно пред изборите околу правилата за настап на независните кандидати, административните бариери и неурамнотеженото медиумско претставување ја засилија перцепцијата дека изборите не обезбедуваат еднаков пристап до политичката арена.

Членовите од Изборниот законик кои предвидуваа 1.000 потписи за поднесување независни кандидатски листи беа изменети, со што како услов се воведе поддршка од 1 % од регистрираните избирачи во конкретната изборна единица. Овие измени беа укинати од Уставниот суд и оставија делумен правен вакуум во клучен момент непосредно пред изборите. Процесот понатаму се врати во Собрание, каде што предлогот да се намали прагот за независни кандидати, од 1 % на 0,5 %, законодавниот процес остана недовршен бидејќи не го доби потребното Бадентерово мнозинство. На 17 август 2025 година оваа правна празнина ја пополни Државната изборна комисија (ДИК) со носење нов Правилник, при што за собирање потписи за учество на независните листи и градоначалници на локалните избори се потребни само два граѓански потписи. Ваквата долготрајна правна неизвесност, проследена со фактот дека до последен момент не беше јасно дали и под кои услови независните кандидати ќе можат да учествуваат, доведе дел од нив да започнат дури и процеси на формирање политички партии, пред промената нагло да биде решена со воведување само два потписа непосредно пред изборите. Вака создадената атмосфера беше дополнително демотивирачка за независните иницијативи, бидејќи перцепцијата во јавноста беше дека неизвесноста околу правилата ги обесхрабрува независните кандидати и го пренасочува фокусот и предноста кон веќе етаблираните политички партии. И покрај ваквите пречки, изборите 2025 бележат рекорден број иницијативи за независни кандидати: 69 за градоначалници и 68 за советнички листи.

И во овој изборен циклус продолжува правилото дека од денот на распишувањето на изборите до почетокот на кампањата е забрането платено политичко рекламирање на традиционалните и онлајн-медиумите, со исклучок само за соопштенија за собирање потписи за независни кандидатури, кои мора да се емитуваат во означени рекламни блокови. Измените од март 2024 година дополнително го стеснуваат просторот за рана промоција, дозволувајќи само еден јавен настан по учесник помеѓу потврдувањето на листите и стартот на кампањата и забранувајќи трошење кампањски средства во тој период. Во текот на кампањата, медиумите можат да емитуваат девет и пол минути политичко рекламирање по реален час, распределени според големината на партиите, што суштински ги фаворизира најголемите, додека помалите субјекти тешко обезбедуваат значајна медиумска видливост. Дополнителна контроверзија се појави поради недореченостите во Изборниот законик, кои доведоа Левица и ЗНАМ, иако се парламентарни партии со повеќе од пет пратеници и сопствени пратенички групи, да останат без право на платено политичко рекламирање на телевизиите. Парадоксално, право на медиумски простор добија партии со

помал број пратеници, бидејќи категоријата партии со најмалку шест пратеници не е дефинирана во законот. АВМУ појасни дека упатството е изработено согласно строгата законска рамка и во консултација со институциите задолжени за изборниот процес, но дека корекција е невозможна без измена на самиот Изборен законик. Иако формално осмислени да обезбедат фер услови и контролирано трошење, овие правила во практиката создаваат нерамноправност меѓу учесниците. Ограничениот медиумски пристап, строгите временски рамки и законските празнини придонесуваат за структурна предност на големите партии, додека независните кандидати, помалите политички субјекти и новите партии се соочуваат со значително ограничена можност да допрат до јавноста, што негативно влијае врз плурализмот и конкурентноста на изборниот процес.

## 2. ИЗЛЕЗНОСТА ВО ПАД: ГЛАСАЧКА ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА И РЕГИОНАЛНИ РАЗЛИКИ

Излезноста на локалните избори 2025 покажува јасно надолен тренд од 2017 до 2025, што истовремено укажува и на растечката апатија на гласачкото тело. Додека локалните избори традиционално имаат повисока излезност од парламентарните, последните три циклуси покажуваат дека мобилизацијата на избирачите станува сè потешка, особено во поголемите урбани центри. Во 2017 година излезноста беше највисока од сите три циклуси на локални избори, што делумно се објаснува со тогашниот политички момент на смената на власта и високата политичка енергија



по двегодишната политичка криза. На локалните избори во 2021 следува пад во излезноста, кој се забележува и на парламентарните избори 2020 и 2024, додека во 2025 се бележи најниска излезност во голем број општини, вклучително и во Град Скопје.

Причините за овој опаѓачки тренд кај излезноста произлегуваат од комбинација на политички замор, ниска доверба во институциите и промени во структурата на изборната понуда. Долготрајната и интензивна политичка конфронтација создава чувство на заситеност и убедување дека поединечниот глас има ограничено влијание, што ја намалува мотивацијата за учество. Ваквата состојба е дополнително засилена од релативно ниското ниво на доверба кое граѓаните го имаат во институциите. Конечно, иако овие избори се одликуваа со поголема политичка понуда и повеќе независни иницијативи, нивниот реален ефект врз мобилизацијата беше ограничен поради тоа што значаен дел од тие кандидати не добија доволно видливост и рамноправни услови за кампања. До последен момент беше неизвесно како ќе се применуваат измените во изборното законодавство, што создаде забуна и несигурност околу учеството на независните кандидати, а нивното појавување без лого на избирачките листи дополнително ја намали препознатливоста. Наместо да ја поттикне мобилизацијата, ваквата нерамномерна поставеност во практиката го засили впечатокот дека изборната понуда е слабо диференцирана и недоволно видлива, што кај дел од гласачите придонесе кон чувство на апатичност и воздржаност од излегување.

Сепак, доколку се разгледа излезноста на локалните избори низ неколку региони во државата, може да се забележи различна динамика во однос на ова прашање. Така, Скопскиот регион е најдобар пример за драматичен пад на гласачката мобилизација. Излезноста во Град Скопје од 48,9 % во првиот круг (2025) и само 35,3 % во вториот круг е една од најниските досега. Овој тренд не е нов, урбаните општини како Карпош, Центар, Аеродром и Кисела Вода уште во 2021 покажаа пад во излезноста, но 2025 е најевидентен. Клучната карактеристика е дека Скопје има постојан раст на бројот на неважечки ливчиња, што упатува на протестно гласање и отфрлање на понудата, наместо на целосна апатија. Дополнително, растот на натпартиските движења и независни кандидати ја фрагментира гласачката база.

Источниот регион традиционално има повисока излезност и постабилни политички обрасци. Во најголем дел од овие општини, излезноста има мали осцилации, со мал пад од 2017 до 2021 и релативна стабилизација во 2025. Тука доминацијата на ВМРО-ДПМНЕ создава посилен идентитетски елемент

и повисока мобилизација. Карактеристично е што процентот на неважечки ливчиња е понизок, што укажува на јасни изборни позиции и можна посилна партиска дисциплина.

Пад во излезноста се забележува и во Југозападна Македонија и Пелагонија, особено во урбаните делови од тој регион. Речиси сите општини од овој регион забележаа промени на локалните власти во последните три локални изборни круга, што се отслика и во промената на власта на централно ниво на парламентарните избори кои следуваа. Оттука, овие два региона често значат и за добар индикатор на поширокитe парламентарни трендови, бидејќи токму тука најјасно се гледаат раните промени во расположението на гласачите и ротациите меѓу власта и опозицијата.

Во Полошкиот, Североисточниот регион, излезноста е значително условена од динамиката во т. н. албанскиот политички блок. Најголем дел од општините од овој регион  бележат пад на излезноста во сите три циклуси, иако со различен интензитет. Конкуренцијата меѓу партиите од т. н. албански блок, и дел од независните листи создава високо фрагментиран политички простор особено во поголемите урбани центри од овој регион, што придонесе кон послаба мобилизација. Во некои општини, како Тетово и Гостивар во 2025 година, бројот на неважечки ливчиња е забележливо повисок, што укажува на замор од меѓупартиските конфликти и можен пад на довербата во локалните политички елити.

## 3. НЕВАЖЕЧКИ ЛИВЧИЊА: ТИВОК ПРОТЕСТ ПРОТИВ ИЗБОРНАТА ПОНУДА

Покрај тоа што мнозинството гласачи одлучија да не го остварат своето гласачко право, на овие избори забележавме и рекорден број на неважечки ливчиња – и за избор на градоначалници, но и за избор на претставници во општинските совети. Според изборната комисија, во првиот круг на изборите за градоначалници, од вкупно 885.085 гласови, 53.724, или 6,1 проценти биле неважечки. Ова значи дека речиси секој седумнаесетти глас на граѓаните бил неважечки. Процентуално, бројот на неважечки ливчиња во 2025 година е значително повисок во споредба со изборите во 2021 (2,09 проценти) и во 2017 година (4,3 проценти). И во вториот круг забележавме речиси идентична слика: од 345.584 гласачи кои го оствариле своето право на глас, 19.285, или 5,58 проценти биле неважечки.

Анализирајќи ги сите претходни изборни циклуси, речиси во сите се забележува тренд на намалување на процентот на неважечки ливчиња во вториот круг, најверојатно поради поедноставување на избирачките ливчиња и поголема свесност на гласачите за важноста на избор во вториот круг. За разлика од 2017 година, кога намалувањето меѓу двата круга беше значително (-33 проценти), во 2021 година забележавме намалување од 8,6 проценти. На изборите во 2025 година, процентот на неважечки ливчиња се намалува за само 7,9 проценти, односно од 6,06 процент во првиот, на 5,58 проценти во вториот круг.




Од скопските општини и Градот Скопје, само општината Шуто Оризари забележува значително намалување на процентот на неважечки ливчиња, од високи 15,6 проценти во првиот, на 4,6 проценти во вториот круг. Во сите останати општини каде што имаше втор круг на гласање – Карпош, Центар, Аеродром и Градот Скопје, се забележува пораст, при што процентот на неважечки некаде речиси и се удвојува. На пример, во Аеродром, процентот на неважечки расте од 7,4 на речиси 11 проценти во вториот круг, во Карпош од 4,9 на речиси 10 проценти, и во Центар од 6,8 на 9 проценти. Дури и кај изборот на градоначалник на Град Скопје се забележува зголемување на неважечките од 5,3 на 6,2 проценти. Ова укажува дека поедноставувањето на избирачкото ливче и стеснувањето на изборната понуда не го намалуваат, туку дури го зголемуваат бројот на неважечки ливчиња.




Некои автори, како Пауер и Гаранд (Power and Garand),[1] истражуваат како различни општествени фактори влијаат врз големиот број на неважечки ливчиња на изборите. Според нив, постојат три теоретски пристапи низ кои може да ги разгледаме причините за големиот број неважечки ливчиња: **1)** институционален, **2)** социоекономски, и **3)** политичко-протестен пристап.

**Институционалниот пристап** за објаснување аргументира дека изборниот дизајн (правилата, процедурите на броење гласови, големата понуда и комплексноста на гласачкото ливче) во одредени случаи го прават гласањето потешко за електоратот, што резултира со голем број неважечки ливчиња. Изборниот законик во Северна Македонија предвидува означување на гласачкото ливче со круг околу редниот број на кандидатот како единствена валидна ознака, но истовремено укажува дека гласачкото ливче треба да се смета за валидно доколку волјата на гласачот може да се утврди на јасен и недвосмислен начин  што всушност е и меѓународна практика. Меѓународните набљудувачки мисии на ОБСЕ и ОДИХР, во 2017 и 2021 година, забележале многубројни случаи кога избирачките одбори поништувале гласачки ливчиња, иако волјата на гласачот била јасно препознатлива. Дополнително, законикот не предвидува замена на гласачко ливче во случај на ненамерно поништување на гласачкото ливче од гласачот. Сето ова укажува на прекумерно строго толкување на изборните правила, што дополнето со слабата информираност и едукација

1 Power, Timothy J., and James C. Garand. “Determinants of Invalid Voting in Latin America.” Electoral Studies **26**, no. 2 (2007): 432–44.

на електоратот, создава институционално генериран ризик од висок процент на неважечки ливчиња.

**Социјално-економскиот пристап** тврди дека празните или неважечки ливчиња се продукт на социјалната структура, односно дека степенот на образование, писменост и пристапот до информации на населението во голема мера влијае врз застапеноста на пропаднатите гласови на изборите. Од овој аспект, зголемувањето на неважечките ливчиња може да се објасни со структурни проблеми во образованието и писменоста на електоратот. Според податоците од последниот попис во 2021 година,[2] во Северна Македонија повеќе од 23 илјади лица немаат формално, повеќе од 62 илјади не завршиле основно, а дури 423 илјади граѓани имаат завршено само основно образование. Дополнително, последните резултати од ПИСА тестирањето во 2022[3] година алармираат за континуиран пад во постигнувањето на македонските средношколци во читање, математика и природни науки, каде што дури 74 проценти од тестираните средношколци се под минималното ниво на писменост по читање, а трендот е сличен и во другите две области. Некои истражувања укажуваат на ниската ефикасност на формалното и неформалното граѓанско образование, што доведува до ограничена граѓанска информираност и активна вклученост во политичките процеси.[4] Дополнително, економската несигурност и зголемените социјални притисоци можат да влијаат на тоа гласачите да пристапуваат кон гласањето со особено намален интерес, што може да доведе до тоа да не се информираат доволно за изборните процеси или за изборната понуда и на гласањето да гледаат како обична граѓанска формалност.

Третиот, **политичко-протестен пристап**, аргументира дека неважечкото гласање е знак на револт или протест. Ова незадоволство најчесто е одраз на слабите економски услови, одбивност кон изборната понуда, одбивност кон актуелниот политички режим или комбинација од сите три фактори. Изминатите години македонската јавност беше сведок на безброј скандали со кои се поврзуваа речиси сите политички партии и актуелни учесници на изборите. Големата трагедија во Кочани особено ја разоткри корупцијата во институциите, особено кај локалните власти, а масовните протести кои следеа дополнително ги илустрираа бесот и разочараноста на граѓаните од сите политички структури во државата. Во ваков контекст и во таква изборна атмосфера, голем број граѓани

2 Sinisa Jakov. “North Macedonia’s Population Poorly Educated, Census Data Show.” Balkan Insight, June 2, 2022
3 World Bank, North Macedonia Policy Notes. Washington, DC: The World Bank Group, September 2024
4 IFES, Извештај за граѓанско образование и образование на гласачи во Северна Македонија (Skopje: IFES, 2023),

свесно ги поништуваат своите гласачки ливчиња, не апстинирајќи од изборниот процес, но користејќи го како симболичен акт на протест и испраќање на порака до политичките чинители.

Сумирано, сè повисокиот број на неважечки ливчиња на изборите во државата може да го гледаме како комбинација од институционални, социјално-економски и политичко-протестни фактори. Строгото толкување на изборните правила при броењето гласови, слабата граѓанска едукација и информираност, економската несигурност и разочараноста од политичките актери создаваат услови во кои електоратот често го користи неважечкото гласање како начин да ја изрази својата недоверба или протест кон политиката. Ваквите негативни бројки и трендови ја отсликуваат нужната потреба од реформа на изборниот систем, како и потребата од враќање на довербата на електоратот во изборните процеси во државата.

## ЛОКАЛНА ДИНАМИКА И ПРЕСВРТИ НА ТЕРЕНОТ: ПАДОТ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ПОЛИТИЧКИ БАЗИ

Оваа година, локалните избори донесоа неколку интересни промени на политичката мапа на државата. Некои општини, кои претходно се сметаа за традиционални бази на одредени политички партии, по овие избори преминаа во рацете на нивните политички противници. Меѓу нив се општините Струмица, Струга, Кичево, Дебар, Сарај и Чашка.

Промената на локалната власт во Општина Струмица по две децении, која се сметаше за традиционална база на Социјалдемократскиот сојуз, може да се интерпретира како резултат на повеќе фактори. Меѓу нив, значително влијание има зголемената популарност на ВМРО-ДПМНЕ на национално ниво, како и одлуката на раководството на СДСМ да не го кандидира актуелниот градоначалник на Струмица, Костадин Костадинов. Ова веројатно влијаеше врз мотивацијата на лојалните поддржувачи на Костадинов за поддршка на СДСМ и покажува дека внатрепартиските одлуки и личната популарност на кандидатите секогаш значително влијаат на распределбата на гласовите и на конечниот исход на изборите.

Во Општина Струга, по 20 години управување, Демократската унија за интеграции и актуелниот градоначалник Рамиз Мерко ја изгубија локалната власт. Победата на независниот кандидат Менди Ќура може да се разгледа како резултат на повеќе фактори. Неговата кандидатура како независен во изборната трка

го позиционира како алтернатива на долгогодишната партиска структура, додека неговата деловна успешност и репутација како успешен претприемач го претставува како компетентно и доверливо лице во очите на електоратот. Дополнително, поддршката од бизнис-заедницата и коалицијата ВЛЕН придонесе за обезбедување на поголем легитимитет и ресурси. Промената на исходот во гласањето може да се толкува како реакција на електоратот кон долгорочното владеење на една иста политичка структура и како порака за потребата од нов пристап кон локалното управување со Струга.

Слична динамика се забележа и во Општина Кичево, каде по три мандати управување, актуелниот градоначалник Фатмир Дехари и ДУИ ја изгубија локалната власт, а како нов градоначалник беше избран д-р Александар Јовановски од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Како и во претходните случаи, и овде несомнено големо влијание имаше популарноста на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и незадоволството на локалното население од долгорочното управување на една иста политичка структура. Дополнително, имајќи ја предвид демографската структура на Кичево, Јовановски како угледен лекар со блиски семејни врски со албанската заедница, оствари широка прифатливост меѓу гласачите од сите етникуми. Од друга страна, бројните скандали поврзани со актуелниот градоначалник Дехари кои беа објавувани на социјалните мрежи пред изборите, со сигурност придонесоа за намалување на неговиот рејтинг и влијаеја на конечниот изборен исход. Некои медиуми и аналитичари ја претставија победата како симбол на добар меѓуетнички соживот во Општина Кичево, но изборните резултати претежно ја одразуваат коалициската поддршка на ВЛЕН кон неговиот владин партнер, како и консолидираната поддршка од останатите македонски партии, кои, и покрај различните политички ставови, ја насочија својата поддршка кон македонскиот кандидат.

Значително прераспределување на локална моќ се случи и во неколку други општини, како Карпош, Дебар, Сарај и Чашка. Во Општина Карпош, како една од клучните скопски општини, ВМРО-ДПМНЕ со Сотир Лукровски успеа да ја преземе локалната власт во тесна трка, по деценискoто управување од страна на ГРОМ и СДСМ, со што партијата дополнително ја зацврсти својата позиција во поголемиот дел од Скопје. Во Општина Сарај, која од 2009 година важеше за стабилна база на ДУИ, градоначалничката функција премина во рацете на кандидатот на ВЛЕН, Мухамет Елмази, и покрај тоа што ДУИ освои повеќе советнички места  развој што укажува на промена на локалните политички динамики и на зголеменото влијание на ВЛЕН, дури и во општини кои долго време се сметаа за непробојни. Во Дебар, кандидатот на ВЛЕН, Фисник Мела, ја прекина дводецениската

доминација на ДУИ, што ја рефлектира популарноста на ВЛЕН кај албанскиот електорат и во помалите општини во западниот дел од државата. Во Општина Чашка, пак, за првпат беше избран градоначалник од редовите на ДУИ. Иако овој исход во дел од јавноста беше претставен како голема победа за албанскиот политички блок, резултатите пред сè го одразуваат консолидирањето на албанските гласови и поддршката од други етнички заедници, во комбинација со фрагментацијата на македонските гласови меѓу кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.

## ЗАКЛУЧОК:

Овие локални избори, повеќе од кога било, ја илустрираа продлабочената криза на довербата во политичкиот систем, одразена преку рекордно ниската излезност и зголемениот број на неважечки ливчиња. Ненавремените и инстинктивни измени на изборните правила создадоа правна неизвесност која дополнително ја наруши довербата на граѓаните во изборниот систем, но и рамноправноста на учесниците во изборите. Истовремено, изборите за првпат во поновата историја на државата покажаа дека ниту еден партиски бастион не е вечен, откако многубројни општини ја променија политичката ориентација.

Како и сите претходни изборни циклуси, така и овој потврди дека локалните резултати во голема мера се обликуваат како рефлексија на националните политички трендови и односите меѓу партиите на централно ниво, со ретки исклучоци. Исходот на изборите во повеќе општини потврдува дека електоратот е подготвен да ги награди структурите кои добро управуваат, да ги казни оние од кои не е задоволен, но и да даде поддршка на нови и свежи политички актери □ помалите партии и независните кандидати. Рекордно ниската излезност на локалните избори укажува на сериозно зголемување на незадоволството, апатијата и отуѓеноста на граѓаните од политичките процеси, а го доведува во прашање политичкиот и демократскиот легитимитет на самите избрани лица. Големиот број неважечки ливчиња, пак, укажува на растечко протестно поведение на електоратот и недоверба во политичката понуда, но и го отвора прашањето за ефикасноста на изборните правила и изборната едукација на електоратот.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ:

1. Power, Timothy J., and James C. Garand. "Determinants of Invalid Voting in Latin America." *Electoral Studies* 26, no. 2 (2007): 432–44. https://www.researchgate.net/publication/222014778_Determinants_of_invalid_voting_in_Latin_America.

2. Brezar, Sinisa Jakov. "North Macedonia's Population Poorly Educated, Census Data Show." *Balkan Insight*, June 2, 2022. https://balkaninsight.com/2022/06/02/north-macedonias-population-poorly-educated-census-data-show/.

3. World Bank. *North Macedonia Policy Notes*. Washington, DC: The World Bank Group, September 2024. https://documents1.worldbank.org/curated/en/099008512112429283/pdf/IDU1102c34701ba0b146d21a1e010d27c68032cf.pdf.

4. IFES. *Презентација на извештај за граѓанско образование и образование на гласачи во Северна Македонија*. September 12, 2023. https://electoralsupportprogramme.mk/wp-content/uploads/2023/12/613IFES_ppt_12092023_MKD_-FINAL.pdf.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Д-р Борјан Ѓузелов**
е политиколог и истражувач во полето на доброто владеење и образованието. Тој има докторирано на Универзитетот Квин Мери во Лондон, каде што работел и како асистент. Автор е на повеќе научни и стручни публикации и соработувал со повеќе универзитети, меѓународни и граѓански организации и консултантски фирми, вклучително и Универзитетскиот колеџ во Лондон, Кралскиот колеџ во Лондон, Фондацијата за демократија на Вестминстер, Националниот демократски институт, ОБСЕ, УНДП, Хелветас и други. Моментално работи како независен консултант и виш истражувач во Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје.

Изворна научна статија
UDC 061.2:37(497.7)(049.5)
321.7:37(497.7)(049.5)

Борјан Ѓузелов

# ОД УЧИЛНИЦАТА ДО ЗАЕДНИЦАТА: СО ГРАЃАНСКО И ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ДО ПОВЕЌЕ ОДГОВОРНОСТ И СОЛИДАРНОСТ

ПОЛИТИЧКА МИСЛА
71

Академската литература и компаративните искуства укажуваат дека вклучувањето на граѓанските и политичките содржини во образовниот процес позитивно влијае врз консолидирање и одржување на современите демократски општества. Ваквата интеграција се поврзува и со унапредување на граѓанската партиципација и развивање на повисок степен на политичка култура.[1]

Врз база на претходно дефинираното, се поставува прашањето, дали постои потреба за посеопфатно граѓанско, но и политичко образование за македонските ученици? Дали тие како граѓани кои ќе го градат и обликуваат македонското општество во децениите кои претстојат имаат доволно познавања, граѓански компетенции и способност за критичко размислување? Понатаму, важно е да се отвори и поширока дискусија кои се сегашните карактеристики и предизвици на македонското општество и на младата популација, кои треба да бидат адресирани во рамките на идните образовни реформи? Дали актуелните форми на образование ги задоволуваат тие потреби или е потребно воведување на нови содржини? Целта на овој текст е да сумира различни наоди кои се веќе идентификувани во повеќе претходни истражувања, со цел да придонесе кон постојните и идни размислувања за тоа во која насока треба да се движи граѓанското и политичкото образование во основните и средните училишта.

Под политичко образование како дополнување на веќе постоечкиот концепт на граѓанско образование, тука се подразбираат содржините поврзани со прашања за уредувањето на општествата и заедницата, за дистрибуцијата на моќ и ресурси, за процесите на претставничката демократија, донесувањето одлуки и за функционирањето на државните институции.[2] Тоа значи дека под политичко образование се подразбираат многу повеќе прашања од она што е типично и широко прифатено разбирање на политиката како т. н. дневна политика, односно борбата на политичките партии и политичарите за власт и политичко влијание.

Неодамнешната студија за застапеноста на политички и демократски содржини во средното образование во Северна Македонија утврди дека ваквите содржини се многу малку застапени и честопати застарени.[3] Иако делумно се присутни содржини што ги одразуваат современите демократски вредности, сепак

1 Judith Torney-Purta, et al, *Citizenship and Education in Twenty-Eight Countries: Civic Knowledge and Engagement at Age Fourteen* (Amsterdam: IEA Secretariat, 2001); Robert L. Dudley и Alan R. Gitelson, “Political Literacy, Civic Education, and Civic Engagement: A Return to Political Socialization?,” *Applied Developmental Science* 6, бр. 4 (2002); Wolfram Schulz, et al, *Becoming Citizens in a Changing World: IEA International Civic and Citizenship Education Study 2016 International Report* (Springer Nature, 2018).

2 За подетална дискусија околу односот, сличностите и разликите помеѓу концептите на граѓанско и политичко образование, како и за моделите на политичко образование во Европа види: Иван Дамјановски и други. *Анализа за политичкото образование во Северна Македонија*. (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2023).

3 Борјан Ѓузелов, *Учиме ли демократија? Студија за демократските вредности во средното образование во Северна Македонија* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2024).

недостасуваат теми кои директно ја обработуваат нивната суштина и значењето на демократските принципи како слободни и фер избори, владеење на правото, поделба на власта и почитување на човековите права. Во наставните материјали речиси и да нема содржини кои поттикнуваат активно граѓанско или ученичко учество, а во одредени случаи се присутни и дискриминаторски примери што репродуцираат стереотипи и предрасуди.[4]

Од друга страна, позитивен исчекор е постигнат со воведувањето на предметот Граѓанско образование во осмо и деветто одделение во основното образование и во прва година во средните стручни училишта.[5] Со воведувањето на овие два предмета, на учениците им се овозможува да стекнат основни знаења за концепти како личен, граѓански и културен идентитет, граѓанско општество, демократски вредности и мултикултурализам, како и за поконкретни политички теми како избори, поделба на власта и владеење на правото. Наставниот материјал по Граѓанско образование за прва година средно стручно образование содржи современи и релевантни содржини, претставени на јасен и разбирлив начин, и претставува исклучително добар пример што треба да се следи и во иднина при подготовката на наставните материјали по другите општествени науки. Она што загрижува е што и покрај квалитетно осмислената содржина, предметот Граѓанско образование не е застапен во средното гимназиско образование, каде што наставата сѐ уште се изведува според застарени програми и учебници произлезени од концептот за гимназиско образование од учебната 2001/2002 година.[6]

## ПРОБЛЕМАТИЧНИ ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ, НИСКА ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И ПОДЛОЖНОСТ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Изминатите години беа објавени повеќе истражувањата за ставовите и вредностите кај младите,[7] кои забележаа континуирана присутност на недемократски вредносни ориентации и подложност на популистички и авторитарни влијанија.

4 Ибид.

5 Предметот граѓанско образование во средните стручни училишта е првпат воведен во 2002 година, во четврта година. Во 2020 година, наставната програма е целосно ревидирана и предметот се изучува во прва година. Граѓанско образование во основните училишта во осмо и деветто одделение е воведен во 2008 година.

6 Борјан Ѓузелов, *Учиме ли демократија? Студија за демократските вредности во средното образование во Северна Македонија* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2024).

7 Мартин Галевски, *Социополитичко учество на младите во Северна Македонија.* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2023). Мартин Галевски и Јована Ѓорѓиовска, *Младинско политичко отсуство* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2020); Мартин Галевски, *Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2021).

Емпириските податоци покажуваат дека повеќе од три четвртини од младите (81 %) сметаат дека на државата ѝ е потребен „лидер со цврста рака“. Од друга страна, иако постои тенденција на поддршка за авторитарно лидерство, забележлива е релативно прониска согласност со идеите за диктатура и насилно разрешување на општествените конфликти. Конечно, речиси половина од младите (43 %) сметаат дека немаат познавања од политиката.[8]

Дополнително, младите изразуваат ниско ниво на доверба во институциите на системот и доминантно го перципираат општествениот и политичкиот развој како насочен во погрешна насока. Притоа, постои широко распространето убедување дека државните власти не ги земаат предвид нивните интереси и потреби, па така две третини од младите (66 %) сметаат не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите.[9] Ваквата резигнираност резултира со високо ниво на апатија и ограничена граѓанска ангажираност.

Паралелно со овие наоди, се евидентира ниско ниво на медиумска писменост и висока подложност на дезинформации, лажни вести и теории на заговор. Согласно со индексот на медиумска писменост за земјите од Југоисточна Европа, Северна Македонија континуирано се рангира меѓу најниско позиционираните држави, односно под просекот на регионот за медиумска писменост.[10] Оваа состојба резултира со зголемена распространетост на некритичко прифаќање на непроверени информации, што е особено изразено кај младата популација на возраст од 18 до 29 години. Истражувањата укажуваат дека значителен дел од младите покажуваат афирмативен став кон различни теории на заговор. Притоа повеќе од половина од нив веруваат дека „светот е контролиран од неколку моќни семејства“ и дека „пандемијата со ковид-19 била намерно создадена во лабораториски услови, со цел контрола врз населението“.[11] Овие податоци сугерираат на потребата од развивање на медиумската писменост, критичкото мислење и дигиталната компетентност кај младите, како предуслов за градење на информирано и отпорно демократско граѓанство.

8 Мартин Галевски, *Социополитичко учество на младите во Северна Македонија.* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2023).

9 Мартин Галевски, *Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2021).

10 Институт за отворено општество – Софија, *Индекс на медиумска писменост* (Софија: Институт за отворено општество – Софија).

11 Близнаковски и други 2021 – податочен сет на истражувањето.

## НИСКА ОПШТЕСТВЕНА СОЛИДАРНОСТ И СОЦИЈАЛЕН АНГАЖМАН

Истражувањата укажуваат и на ограничено прифаќање на општествената разноликост, при што младите манифестираат ниска толеранција кон лица со различна етничка припадност или сексуална ориентација.[12] За илустрација, на 43 % од младите би им пречело да имаат ЛГБТ лице како сосед, додека секој трет испитаник би му пречело да има сосед бегалец. Дополнително, кај околу третина од етничките Македонци би им пречел сосед Албанец (33 %) или Ром (27 %), додека пак на етничките Албанци најмногу би им сметало да имаат сосед Србин (32 %) или Ром (28 %).[13] Ваквите ставови упатуваат на потребата од засилено образование за човекови права, солидарност и инклузија во рамки на формалниот и неформалниот образовен систем.

Истражувањата исто така укажуваат дека најголем дел од младите се доживуваат себеси како неактивни граѓани (78 %), при што дури три четвртини од нив (74 %) не припаѓаат на ниту една организација или друга форма на организирање. Од другата четвртина на млади кои се општествено активни, тоа е најчесто во рамките на политичките партии, односно партиските подмладоци (10 %), а речиси двојно помалку во граѓански организации (5 %) и неформални граѓански иницијативи (4 %). Дополнително, помеѓу младите сè уште постои низок степен на интерес за волонтерски активности, при што само еден од пет млади (20 %) имаат некакво волонтерско искуство.[14]

Овие наоди укажуваат дека проблемот не се исцрпува само со недостатокот на одговорност кај младите, туку открива и подлабока празнина во сфаќањето на општествената солидарност, заедничките вредности и ориентацијата кон општото добро. Ограничената толеранција, ниското вклучување во волонтерски, алтруистички активности и слабата подготвеност за колективно делување, сугерираат дека младите ретко го препознаваат јавниот интерес како простор во кој тие самите имаат улога и обврска. Ова создава ризик од дополнително слабеење на општествената кохезија и граѓанското учество, што пак го отежнува развојот на демократска политичка култура. Затоа, идните курикулуми за граѓанско и политичко образование не треба само да ги пренесуваат

12 Marija Topuzovska Latkovikj et al. „Youth Study North Macedonia 2024: Navigating Discontent: Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration," (Skopje: FES, 2024)

13 Мартин Галевски, *Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија.* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2023).

14 Ибид.

демократските принципи, туку и активно да ја развиваат свеста за заедницата, солидарноста и одговорноста кон јавниот интерес.

## НИСКА ИНДИВИДУАЛНА ОДГОВОРНОСТ: ПРОЛОНГИРАНА МЛАДОСТ И ТЕНДЕНЦИЈА КОН ДРЖАВНИ ВРАБОТУВАЊА

Дополнително важно е да се истакнат уште два други социополитички феномена кои укажуваат на ниска индивидуална одговорност: феноменот на пролонгирана младост и тенденција кон државни вработувања.

Како и повеќето држави од јужна Европа, младите во Северна Македонија уживаат во т. н. пролонгирана младост, односно компаративно подолго живеење со родителите и потпирање на семејството и семејните врски. Имено, младите во Македонија, слично на своите врсници од Хрватска, Црна Гора и Србија, компаративно со Европа, најдоцна го напуштаат домот на родителите и почнуваат да градат свој независен живот. Според податоците на Евростат, тие во просек го напуштале домот на 32 години, додека нивните врсници во ЕУ во просек тоа го прават на 26 години. За илустрација, податоците укажуваат и дека во рамките на ЕУ има големи разлики, па така во скандинавските држави тој просек е околу 22 години, додека во јужните држави како Италија и Португалија тој просек е 30 години.[15] Податоците од други студии исто така укажуваат дека за повеќе од половина од младите во земјата кои сè уште живеат со своите родители (54 %), тоа е наједноставната и најкомотна опција, додека за повеќе од една третина (38 %) е економска нужност, односно дека би живееле сами доколку би имале соодветни финансиски можности.[16] Овие наоди укажуваат дека ваквата состојба, покрај тоа што се должи на социоекономски фактори и објективно на поголемата младинска невработеност, има и значајна културолошка компонента, која може да биде интерпретирана и како недостиг на лична одговорност за осамостојување и градење на свој сопствен живот, независно од семејните врски, и нивните патријархални влијанија.

Понатаму, како и во повеќето пост-социјалистички земји, голем дел од популацијата во Северна Македонија е наклонета кон државни вработувања. На пример, компаративните податоци за регионот укажуваат дека речиси

15 Eurostat, *Estimated average age of young people leaving the parental household, by sex (yth_demo_030)*, достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/yth_demo_030/default/table?lang=en.

16 Marija Topuzovska Latkovikj et al. „Youth Study North Macedonia 2024: Navigating Discontent: Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration," (Skopje: FES, 2024)

половина од македонските граѓани во голема мера преферираат вработувања во јавниот сектор и во државните претпријатија (вкупно 47 %), наспроти само 17 % од граѓаните кои преферираат работа во приватен сектор и 34 % кои немаат посебна преференција.[17] Ваквата тенденција кон „сигурни" државни вработувања исто така може да биде интерпретирана како недостаток на индивидуална одговорност, односно тенденција да се осигури егзистенцијата преку државно вработување кое најчесто не е доволно стимулативно за да ги истакне и реализира потенцијалите на младите. Дополнително, ваквите вработувања се, најчесто, клиентелистички, односно базирани на партиска поддршка во замена за партиски активизам и лојалност, за што постои широк консензус во литературата дека има штетни влијанија врз демократските процеси.[18] Сепак, она што охрабрува е што кај младата популација сликата е значително поинаква, при што оваа тенденција на фаворизирање на вработувања во јавниот сектор е во опаѓачки тренд. Така, ако во минатото поголем процент од младите преферирале работа во јавниот сектор, денес поголем процент (37 %) од младите преферираат работа во приватниот сектор отколку во јавниот сектор (30 %).[19]

Накратко, овие две појави укажуваат на подлабоки структурни и културолошки ограничувања кои ја намалуваат индивидуалната одговорност и проактивност кај младите. Во контекст во кој осамостојувањето се одложува, а често недостига и професионална амбиција и реализација, тешко може да се очекува посилна граѓанска и политичка мобилизација.

## КАКО ОД ПОЛИТИЧКА РАМНОДУШНОСТ ДО ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ И СОЛИДАРНОСТ?

Имајќи ги предвид овие карактеристики на младите, евидентна е потребата од промени во образовните програми и нивно збогатување со повеќе граѓански, но и политички содржини. Ако граѓанските права се универзално достапни за сите, универзално достапно треба да биде и граѓанското и политичко образование кое ќе придонесе кон поинформирано и поодговорно практикување на граѓанските права и обврски. Граѓанско-политичките содржини во образованието треба да поттикнуваат вредности на индивидуална одговорност и колективна солидарност

17 Regional Cooperation Council, *Balkan Barometer Public Opinion 2022* (Sarajevo: RCC, 2022)

18 Bliznakovski, Jovan. "Varieties of political clientelism: A typology of clientelist exchanges in the Western Balkans and beyond." (Political Clientelism in the Western Balkans (2020).

19 Marija Topuzovska Latkovikj et al. „Youth Study North Macedonia 2024: Navigating Discontent: Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration," (Skopje: FES, 2024).

кои ќе ги омоќат младите луѓе да бидат посамостојни и независни од една страна, додека од друга ќе бидат поемпатични и социјално ангажирани.

Во таа насока, прв чекор кој треба да се направи е граѓанското образование да стане задолжителен предмет за сите ученици во средното образование, по модел на наставната програма што веќе се применува во четиригодишното средно стручно образование. Ова подразбира негова примена и во гимназиското образование и во тригодишното стручно образование, со што сите ученици би добиле пристап до програма која на систематски и квалитетен начин ги обработува демократските вредности и го стимулира активното граѓанско учество. Таквата унифицирана застапеност е суштинска бидејќи секој средношколец, независно од типот на училиштето, е истовремено и граѓанин со свои права и должности, вклучително и правото на глас кое го стекнува со полнолетството.

Покрај тоа, со цел да се обезбеди посеопфатен и интегриран пристап, потребно е ревидирање и на другите предмети чиишто наставни програми допираат до темите на граѓанско и политичко образование, како што се историја, географија, социологија, филозофија и др. Во дел од овие учебници има застарени и спорни наративи кои перпетуираат стереотипи и предрасуди и недоволно промовираат вредности на граѓанска одговорност и солидарност.[20] Затоа потребно е темелно ревидирање и обновување на наставните програми, како и изработка на нови, современи учебници. Овие програми треба да се развиваат преку широк и инклузивен консултативен процес, при што позитивното искуство со програмата и прирачникот за Граѓанско образование од 2021 година може да послужи како пример за успешна практика и ориентација при креирањето на идните наставни материјали.[21] Истовремено, новите програми треба да бидат поосмислено и подетално структурирани, за да им овозможат на наставниците поконкретни содржински, методолошки и педагошки насоки. На тој начин ќе се создадат услови за поефективна настава и за систематско развивање на граѓанските и политички компетенции кај учениците.

Современите образовни пристапи се ориентирани не само на усвојување на декларативно, теоретското познавање на демократските концепти, туку и на стекнување на процедурално, искуствено знаење преку практикување на

20 Борјан Ѓузелов, *Учиме ли демократија? Студија за демократските вредности во средното образование во Северна Македонија* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2024).

21 Види: Група автори. *Граѓанско образование за средно стручно образование – Водич за наставници*. (Скопје: Македонски центар за граѓанско образование, 2021).

демократските процеси во наставниот контекст. Таквиот пристап овозможува учениците не само когнитивно да ги разберат демократските принципи, туку и да ги вградат како дел од своите лични и општествени вештини. Во тој контекст, сè поизразена е тенденцијата наставата да се организира во интерактивна и партиципативна форма, заснована на дискусии и критичка анализа на актуелни и контроверзни општествени теми. Преку ваквиот педагошки модел, учениците во рамките на демократска училишна атмосфера развиваат автономно мислење, граѓанска одговорност и капацитет за аргументирана дебата, при што истовремено ја учат и ја практикуваат демократијата како животна и општествена вештина.[22]

Паралелно со воведувањето на повеќе граѓански и политички содржини во образовните програми, потребно е да се обезбеди и повисок, унифициран квалитет на наставата преку континуирано стручно усовршување на наставниците, преку воведување современи, интерактивни методи што ќе поттикнат активно учење и поголема мотивација кај учениците. Наставниците треба да бидат охрабрени да интегрираат алтернативни извори, како филмови, интернет-содржини, воншколски посети, гостински предавања и научни поткасти, со цел да се создаде подинамична и применета настава.[23]

Конечно, од голема важност е систематско поттикнување на ученичкото организирање и граѓанското делување.[24] Демократијата најуспешно се учи преку непосредно искуство, па затоа учениците треба да бидат охрабрени активно да се вклучуваат во животот на училиштето и во работата на локалната заедница. Со оглед на ниските нивоа на граѓанска ангажираност и недовербата во институциите, наставните содржини треба да вклучуваат примери и практики на успешен активизам, волонтерство и општествено корисна работа. Во овој контекст, училиштата би требало да градат поцврсти партнерства со граѓанските организации и иницијативи, овозможувајќи им на учениците подобар пристап до реални можности за учество и ангажман во заедницата.

22 Види: Diana Hess и Patricia Avery, "Discussion of Controversial Issues as a Form and Goal of Democratic Education," во *The SAGE Handbook of Education for Citizenship and Democracy*, 506–18 (London: SAGE, 2008) и Murray Print, "Teacher Pedagogy and Achieving Citizenship Competences in Schools," во *Schools, Curriculum and Civic Education for Building Democratic Citizens*, 113–28 (Rotterdam: SensePublishers, 2012).

23 Борјан Ѓузелов, *Учиме ли демократија? Студија за демократските вредности во средното образование во Северна Македонија* (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2024).

24 Иван Дамјановски и други. *Анализа за политичкото образование во Северна Македонија*. (Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2023).

## ЗАКЛУЧОК

Овој труд ги разгледа сегашните потреби и карактеристики на младите во Северна Македонија кои може да бидат адресирани со воведување на посеопфатно граѓанското и политичкото образование. Анализата покажа дека младите се соочуваат со низа структурни и вредносни ограничувања: недоволна политичка информираност, ниска доверба во институциите, зголемена подложност на дезинформации, ограничена толеранција кон различностите, низок активизам и изразена зависност од семејството и државата. Овие појави го отежнуваат развојот на демократска политичка култура и создаваат плодна почва за популистички и авторитарни влијанија. Истовремено, и покрај позитивните примери во дел од образовните реформи, наставните програми во многу области остануваат застарени и недоволно насочени кон развивање на критичко мислење, солидарност и граѓанска одговорност. Затоа, потребно е граѓанското и политичкото образование да стане клучен столб во создавањето на поколение млади луѓе кои самостојно, критички, одговорно и солидарно ќе учествуваат во градење на подемократско и поправедно општество.

Во насока на понатамошен развој, трудот предлага серија интегрирани реформи: универзално воведување на граѓанското образование како задолжителен предмет во сите средни училишта, темелно ревидирање на наставните програми во сродните предмети и изработка на современи учебници, засилување на медиумската писменост и критичкото мислење, како и градење на демократска училишна средина преку интерактивни и практични методи на учење. Подеднакво значајни се и континуираното стручно усовршување на наставниците и воспоставување механизми за редовно следење на квалитетот на наставата. Конечно, охрабрувањето на ученичкиот активизам, волонтерството и соработката со граѓанските организации треба да стане составен дел од образовниот процес, бидејќи демократските вредности најсилно се усвојуваат преку практика. Само преку ваков системски и долгорочен пристап може да се создадат генерации кои ги разбираат демократските принципи, чувствуваат одговорност кон заедницата и активно придонесуваат кон јавниот интерес.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. **Bliznakovski, Jovan.** *Varieties of Political Clientelism: A Typology of Clientelist Exchanges in the Western Balkans and Beyond.* In *Political Clientelism in the Western Balkans*, 2020.
2. **Дамјановски, Иван, Ненад Марковиќ и Александар Спасов.** *Анализа за политичкото образование во Северна Македонија.* Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2023.
3. **Dudley, Robert L., and Alan R. Gitelson.** “Political Literacy, Civic Education, and Civic Engagement: A Return to Political Socialization?” *Applied Developmental Science* 6, no. 4 (2002): 175–192.
4. **Eurostat.** *Estimated Average Age of Young People Leaving the Parental Household, by Sex (yth_demo_030).* Accessed at: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/yth_demo_030/default/table?lang=en.
5. **Ѓузелов, Борјан.** *Учиме ли демократија? Студија за демократските вредности во средното образование во Северна Македонија.* Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2024.
6. **Галевски, Мартин.** *Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: апатија, оптимизам или разочараност.* Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2019.
7. **Галевски, Мартин.** *Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место.* Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2021.
8. **Галевски, Мартин.** *Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија.* Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2023.
9. **Галевски, Мартин, и Јована Ѓорѓиовска.** *Младинско политичко отсуство.* Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2020.
10. **Група автори.** *Граѓанско образование за средно стручно образование – Водич за наставници.* Скопје: Македонски центар за граѓанско образование, 2021.
11. **Hess, Diana, and Patricia Avery.** “Discussion of Controversial Issues as a Form and Goal of Democratic Education.” In *The SAGE Handbook of Education for Citizenship and Democracy*, 506–518. London: SAGE, 2008.
12. **Институт за отворено општество – Софија.** *Индекс на медиумска писменост.* Софија: Институт за отворено општество – Софија.
13. **Print, Murray.** “Teacher Pedagogy and Achieving Citizenship Competences in Schools.” In *Schools, Curriculum and Civic Education for Building Democratic Citizens*, 113–128. Rotterdam: SensePublishers, 2012.
14. **Regional Cooperation Council.** *Balkan Barometer Public Opinion 2022.* Sarajevo: RCC, 2022.
15. **Schulz, Wolfram, John Ainley, Julian Fraillon, Bruno Losito, Gabriella Agrusti, and Tim Friedman.** *Becoming Citizens in a Changing World: IEA International Civic and Citizenship Education Study 2016 International Report.*Springer Nature, 2018.
16. **Torney-Purta, Judith, Rainer Lehmann, Hans Oswald, and Wolfram Schulz.** *Citizenship and Education in Twenty-Eight Countries: Civic Knowledge and Engagement at Age Fourteen.* Amsterdam: IEA Secretariat, 2001.
17. **Topuzovska Latkovikj, Marija, Mirjana Borota Popovska, Bojana Naumovska and Nita Starova.***Youth Study North Macedonia 2024: Navigating Discontent: Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration.* Skopje: FES, 2024.

КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Пенчо Кузев**

роден 1980 во Велес (Македонија), доктор по право, референт за политики за управување со податоци и конкуренција, Главен оддел за анализа и советување, Фондација Конрад Аденауер.

Изворна научна статија
UDC 004.421.2:004.773.7]:321.7

Пенчо Кузев

# **НЕКОНТРОЛИРАНА АЛГОРИТАМСКА МОЌ** РЕАЛНА ЗАКАНА ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА

Алгоритмите на доминантните дигитални платформи решаваат кои информации се видливи, а кои не. Тие целно промовираат одредени пораки, ја поттикнуваат нивната вирална распространетост и го насочуваат нашето однесување. Според регулативата на Европската Унија[1] во рамките на „Дигиталната стратегија за Европа“, доминантните платформи, наречени гејткипери, мора транспарентно да покажат како нивните системи за препораки прикажуваат информации. Дополнително, тие мора посебно да внимаваат на четири клучни ризични области: незаконска содржина, повреди на основните права, опасности за демократијата и јавната безбедност, како и ризици за здравјето. Покрај ова, тие треба интензивно да проверуваат како нивните услуги придонесуваат за ширење или фаворизирање на дезинформации – пред сè преку алгоритамските системи за препораки.

Со својот „Digital Services Act (DSA)“ и други регулаторни мерки, Европската Унија се обидува да ја зајакне транспарентноста и одговорноста во дигиталните медиуми. Но примената е политички оспорувана – особено по говорот на американскиот потпретседател Џ. Д. Венс на 14 февруари 2025 година на Минхенската безбедносна конференција, каде што тој европските регулаторни пристапи ги нарече „цензура“.[2] Венс и други американски претставници ги претставуваат европските мерки за надзор врз платформите како закана за слободата на изразување – и со тоа како најголема опасност за Европа.[3]

Оваа критика го занемарува фактот дека европските регулативи се засноваат на реални искуства: социјалните мрежи не само што создадоа нови комуникациски можности, туку и повикуваат на насилни дела и самоповреди, исто така го забрзуваат ширењето на опасни теории на заговор. Авторитарни држави користат дезинформации како оружје за манипулација на јавното мислење, а криминалци ги користат платформите за измами и уцена.[4]

## КАКО „TIKTOK“ ВЛИЈАЕ НА ИЗБОРИ

На неодамнешните претседателски избори во Полска и Романија, „TikTok“ одигра клучна улога во подемот на радикално десничарски кандидати. Во рок од само неколку недели, претходно речиси непознати личности станаа политички важни

1 Образложение 70et seq. од Регулативата (ЕУ) 2022/2065 (Digital Services Act).
2 Munich Security Conference 2025, Speech by JD Vance and Selected Reactions, Vol. 2, S. 15, https://securityconference.org/publikationen/buecher/key-speeches-volume-ii-jd-vance-msc-2025/ [пристапено на: 24.07.2025].
3 Ибид.
4 Damian Collins: „What happened at the AI summit in Paris?“, in: The New World, 15.02.2025, www.thenewworld.co.uk/damian-collins-what-happened-at-the-ai-summit-in-paris/ [пристапено на: 24.07.2025].

фигури. Наглиот скок на следбеници и брзата распространетост на нивните содржини не беа случајни: зад тоа стоеше алгоритамско фаворизирање[5] на нивните политички пораки, спроведено од неформална мрежа идеолошки блиски или комерцијални инфлуенсери – и масовна употреба на автоматизирани бот-профили.[6]

Ова укажува уште еднаш како социјалните мрежи – а особено механизмите за препораки на „TikTok" – можат да влијаат врз политичките динамики и да ги извитоперат демократските процеси: поединечни популистички содржини се манипулираат од бот-мрежи. Притоа целта не е да се убедат луѓето, туку да се измамат алгоритмите на платформите. Ботовите лажно создаваат голем досег, симулирајќи масовни лајкови, споделувања, коментари и репостови. Така платформите се наведуваат автоматски да дистрибуираат претежно манипулирани содржини до сè поширока публика – како да станува збор за органски создадени информации и вести.[7]

## МЕХАНИЗМИ ЗА ПРЕПОРАКИ СО ДЕСНО-ЕКСТРЕМЕН СПИН

Неколку дена пред вториот круг од претседателските избори во Полска, на 1 јуни 2025 година, меѓународната невладина организација „Global Witness" утврди: алгоритмот на „TikTok" прикажувал двојно повеќе екстремно десни и националистички содржини на нови, политички избалансирани профили, во споредба со центристички или левичарски содржини. Претходни тестови за изборите во Полска и Романија сугерираат дека алгоритмот за препораки на „TikTok" систематски ги води корисниците кон екстремно десничарски содржини. Тест-профилите добивале значително повеќе содржини во корист на национално конзервативни кандидати отколку на центристички.[8] Сличен модел се појави и во Германија, за време на последните парламентарни избори: содржини на AfD се појавуваа непропорционално често како први објави во „For You"- Персонализирана страница на „TikTok".[9]

5 Притоа станува збор за сосема или делумно автоматизиран систем, кој се употребува од една онлајн-платформа за да на нејзините онлајн-пресеци им понуди на корисниците одредени информации или на нив да им даде приоритет.

6 Martin Gak: „Poland 2025 – The digital engineering of Nawrocki's victory", in: Defend Democracy, 17.07.2025, https://defenddemocracy.eu/poland-2025-the-triumph-of-the-far-rights-digital-machine/ [пристапено на: 24.07.2025].

7 Ибид.

8 Global Witness: TikTok algorithm recommends twice as much hard right content to users ahead of Polish election, London, 29.05.2025, https://globalwitness.org/en/campaigns/digital-threats/tiktok-algorithm-recommends-twice-as-much-hard-right-content-to-users-ahead-of-polish-election/ [пристапено на: 24.07.2025].

9 Anna Katzy-Reinshagen / Martin Degeling / Solveig Barth / Mauritius Dorn: „Wie TikTok mit parteipolitischen Inhalten im Vorfeld der Bundestagswahl 2025 umgeht", in: Institute for Strategic Dialogue gGmbH (ISD Germany), 22.02.2005, https://isdgermany.org/wahl-kampf-im-feed-wie-tiktok-mit-parteipolitischen-inhalten-im-vorfeld-der-bundestagswahl-2025-umgeht/ [пристапено на: 24.07.2025].

Колку точно засиленото присуство на одредени содржини навистина мобилизира избирачи или влијае врз нивната одлука за избор на одредена партија е тешко да се одреди. Сепак, едно е јасно: според Евробарометар, алгоритамски управуваните персонализирани страници на социјалните мрежи денес се најважниот извор на информации за политички теми за Европејците помлади од триесет години.[10] Тоа е загрижувачки развој што треба да ги алармира демократските сили – зашто оној што ги контролира каналите на информации сè повеќе ја обликува политичката свест на младите.

## АЛГОРИТАМСКО ЗАСИЛУВАЊЕ НАМЕСТО ВИСТИНСКА МОДЕРАЦИЈА

Денес е неспорно: ветувањата на големите дигитални платформи дека ќе проверуваат факти и ефикасно ќе модерираат содржини се покажаа како измама.[11] „Meta" и другите одамна знаат дека ниту проверките на факти ниту модерацијата не го решаваат суштинскиот проблем – кој всушност е создаден од нивните сопствени алгоритми за препораки. Внатрешен документ на „Meta" од 2019 година, кој стана јавен благодарение на американската информатичарка и свиркач Франсис Хауген, доаѓа до освестувачки заклучок: модерација во голем обем е невозможна. Наместо тоа, фокусот мора да биде ставен на спречување на алгоритамското засилување на штетни содржини:
„Никогаш нема да можеме да ја отстраниме целата штетна содржина од комуникациска платформа што ја користат толку многу луѓе. Но барем можеме да спречиме овие содржини преку неприродно ширење да добијат прекумерно внимание."[12]

Моменталните мерки на Европската комисија во рамките на „Digital Services Act" – вклучително повеќе истраги против платформски оператори, доброволниот компромис на „TikTok" при воведување на нов производ во Шпанија[13] и тековните

10 Европска Унија: Youth survey 2024, февруари 2025, https://europa.eu/eurobarometer/surveys/detail/3392 [пристапено на: 24.07.2025].

11 Johnny Ryan: „Europe's race to rearm is pointless if its adversaries are waging war online", in: The Guardian, 15.04.2025, www.theguardian.com/commentisfree/2025/apr/15/us-europe-military-spending-trump-ireland [пристапено на: 24.07.2025].

12 Natasha Lomas: „Meta urged to pay reparations for Facebook's role in Rohingya genocide", in: TechCrunch, 29.09.2022, https://techcrunch.com/2022/09/29/amnesty-report-facebook-rohingya-reparations/ [пристапено на: 24.07.2025].

13 „TikTok" се обврза во рамки на формална процедура од страна на ЕУ Комисијата да ја повлече сосема новата програма „TikTok Lite Rewards", и тоа не само привремено туку засекогаш, и да се откаже од воведување на слична програма во иднина. Програмата мотивира млади луѓе покрај другото да минуваат дневно повеќе време на „TikTok" и да исполнуваат задачи на дневно ниво со цел собирање на поени. Овие поени може да бидат заменети за вредносни ваучери виртуелни валути или за други награди.

студии за транспарентност – се всушност чекори во вистинската насока, но далеку од доволни за решавање на проблемот.

Дезинформациите ја поткопуваат слободата на изразување, ја разнишуваат довербата во демократските институции и му нанесуваат штета на кредибилитетот на медиумите кои известуваат базирано на факти. Затоа тие не се повеќе само споредeн шум во дигиталната јавност, туку системски ризик за демократскиот дискурс и фер избори.

Првите студии покажуваат колку целно странски актери користат дезинформации за да ги дестабилизираат општества.[14] Искуства од изборите во Романија, Германија и Полска ѝ даваат на Европската комисија доволна основа конечно да започне сеопфатна истрага согласно член 34 од ДСА. Целта мора да биде – на содржински неутрален начин – да се идентификуваат механизмите што доведуваат до масовно ширење дезинформации, особено во изборен контекст.

## КОЈ ТРЕБА ДА ОДЛУЧУВА: КОРИСНИКОТ ИЛИ АЛГОРИТМОТ?

Но анализата не е доволна. Врз основа на член 35 од ДСА, Комисијата треба да преземе конкретни контрамерки: на пример чекори кои ќе ги ограничат алгоритамските механизми на засилување – и истовремено ќе ја зајакнат одлучувачката моќ на корисниците. Во демократска јавност сите треба самостојно да одлучуваат кои содржини ги гледаат – наместо да бидат водени од матни системи за препораки кои се потпираат на профилирање и алгоритми за максимизирање на вниманието. Демократскиот дискурс живее од свесен избор, а не од алгоритамски управувано влијание.

Оваа мерка не претставува ограничување на слободата на изразување – не се ограничува слободниот говор, туку неговото вештачко засилување. Станува збор за моќта на алгоритмите, а не за изразувањето на луѓето. Европските интернет-корисници треба сами да одлучуваат што ќе кажат, видат и споделат онлајн – а не тоа да го препуштаат на системи кои можеби се под влијание на непријателски странски актери.

Кога се исклучуваат системите за алгоритамски препораки, автоматската предност за авторитарни содржини исчезнува. Наместо систематска привилегија, тие

14 Country Report: Assessment of Foreign Information Manipulation and Interference (FIMI) in the 2025 German Federal Election, https://fimi-isac.org/wp-content/uploads/2025/07/Germany-CERA_Final.pdf [пристапено на: 24.07.2025].

мораат повторно да си го освојат местото во дигиталната економија на внимание – во натпревар со видеа за мачки, танцови клипови и сè друго од дигиталниот простор[15], и тоа во реално време. Исклучувањето на алгоритмите за препораки не само што би ја растоварило демократската дебата – тоа би било и ефикасна заштита за деца и млади од тоа да им се пласираат токсични содржини без нивен избор.

„Digital Services Act" и Општата регулатива за заштита на податоците нудат силни инструменти приспособени на новиот безбедносен контекст на Европа. Но нивната ефикасност зависи од политичката волја – од храброста, одговорноста и свеста за тоа во колку ранлива положба се наоѓа Европа денес. Спроведувањето на овие правила не смее да стане дел од преговорите во трговско-политичките односи со САД или Кина. Станува збор за нешто поважно: за заштита на демократијата.

*Првпат објавено во: Die Politische Meinung, 70 година, Бр. 592, септември 2025, стр. 70-73, достапно на: www.kas.de/de/web/die-politische-meinung/artikel/detail/-/content/unkontrollierte-algorithmische-macht*

15 Johnny Ryan: „Europe's race to rearm is pointless if its adversaries are waging war", in: The Guardian, 15.04.2025, www.theguardian.com/commentisfree/2025/apr/15/us-europe-military-spending-trump-ireland [пристапено на: 24.07.2025].

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Мирчо Крстески**

Претседател на Глобалната Македонска Фондација ВЕЧНА (ГМФВ). Активен во областа на културната дипломатија и дигиталната трансформација, со долгогодишно искуство во интернационални и индустриски проекти. Преку својата работа ја поврзува македонската култура со современите европски и глобални трендови, создавајќи платформи за младински и истражувачки иницијативи во земјата и дијаспората.



**Владимир Грујески**

Истражувач во подем и еден од стипендистите на Глобалната Македонска Фондација ВЕЧНА (ГМФВ). Магистер по меѓународни односи и европски студии на Универзитетот во Фиренца. Неговиот проект се фокусира на италијанската надворешна политика кон Македонија од крајот на XIX век до 1919 година, заснован на архивско истражување во Италија. Преку студентска размена во Лисабон (Еразмус) и студентска пракса во Будимпешта, тој го проширува своето академско искуство и компаративен увид во европските дипломатски политики. Со својата работа придонесува за подлабоко разбирање на местото на Македонија во европската дипломатија и историја, како и за афирмација на македонското културно наследство во европскиот контекст.



**Стефан Ивановски**

Докторанд на Универзитетот Корнвел (САД) во полето на индустриски и трудови односи и еден од амбасадорите на Глобалната Македонска Фондација ВЕЧНА (ГМФВ). Основач на иницијативата „Lifestyle Democracy“, посветена на примена на демократските вредности во секојдневниот живот и на работното место. Неговото истражување се фокусира на работната демократија, квалитетот на трудот, вештачката интелигенција и иднината на работата, со цел градење похумана и поодржлива економија заснована на учество, достоинство и општествена одговорност.

Полемика

UDC 331-053.6:004
323.21-053.6:004

Мирчо Крстески
Владимир Грујески
Стефан Ивановски

# МЛАДИТЕ, КУЛТУРАТА И ИДНИНАТА НА ТРУДОТ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА: ПОМЕЃУ РЕАЛНОСТА И ДЕМОКРАТИЈАТА НА ИДНИНАТА

ПОЛИТИЧКА МИСЛА
71

## ВОВЕД: ГЕНЕРАЦИЈА НА ПРЕМИН МЕЃУ КУЛТУРНА ПРИПАДНОСТ И ДИГИТАЛНА АВТОНОМИЈА

Современиот млад човек живее во парадокс на двојна стварност – меѓу локалното и глобалното, меѓу традиционалните културни вредности и технолошките революции што го преобликуваат светот на трудот, образованието и политичката култура.[1] Македонија, како дел од европскиот простор на културна разноликост и демократски стремеж, денес се соочува со изразен социо-економски и културен предизвик: како да ги задржи младите, да ја зајакне нивната критичка мисла и да создаде услови тие да се чувствуваат дел од општество кое верува во нивниот потенцијал.[2]

Иако младите претставуваат клучен двигател на општествените промени, тие сè повеќе се соочуваат со недоверба во институциите, недостаток на можности и чувство на отуѓеност од политичкиот процес.[3] Истовремено, глобалните трансформации што ги носат дигитализацијата и вештачката интелигенција (ВИ) ја редефинираат самата природа на трудот и општественото учество.[4] Денес, прашањето не е само дали младите ќе се вработат, туку **како ќе учествуваат во обликувањето на иднината на трудот и демократијата**.[5]

## 1. ЛОКАЛНАТА РЕАЛНОСТ: МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ АПАТИЈАТА И ЖЕЛБАТА ЗА ПРИПАДНОСТ

Културата, како начин на живеење и како збир на духовни и материјални вредности, има централна улога во оформувањето на идентитетот и чувството на припадност кај младите.[6] Но во македонскиот контекст, системската негрижа, слабата институционална поддршка, корупцијата и недостигот на јавни и културни простори создаваат амбиент во кој младите тешко можат да ја реализираат својата креативност и критичка мисла.

1 Zygmunt Bauman, *Liquid Modernity* (Cambridge: Polity Press, 2000), 14.
2 Ulrich Beck, *Risk Society: Towards a New Modernity* (London: Sage Publications, 1992), 22.
3 Inglehart, Ronald, and Christian Welzel, *Modernization, Cultural Change, and Democracy: The Human Development Sequence* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 79.
4 Manuel Castells, *The Rise of the Network Society* (Oxford: Wiley-Blackwell, 2010), 45.
5 Klaus Schwab, *The Fourth Industrial Revolution* (Geneva: World Economic Forum, 2016), 31.
6 Pierre Bourdieu, *Outline of a Theory of Practice* (Cambridge: Cambridge University Press, 1977), 82.

Истражувањата од **Националната стратегија за млади (2023 – 2027)** укажуваат дека младите се соочуваат со ограничен пристап до услуги, ниско ниво на учество во јавниот живот и недоверба во институциите.[7] Само 1 од 5 млади учествува во креирање културни содржини или политики, иако 90 % сметаат дека културата е суштински важна за квалитетот на животот.[8] Овој парадокс меѓу вредносна свест и практична инерција е симптом на подлабока институционална слабост.

Во последните пет години, повеќе од **60.000 млади лица (до 29 години)** ја напуштиле земјата.[9] Причините се повеќеслојни: несигурност, ниски плати, нефункционално правосудство и општо чувство дека напредокот зависи повеќе од партиска припадност отколку од компетентност.[10] Нефункционалноста на институциите ги турка младите да бараат иднина во други држави, каде што нивните вештини се ценети, а општествата инвестираат во нивниот потенцијал.

Така, се создава феномен на „одлив на мозоци“ кој не е само економски, туку и културен. Македонија не губи само работна сила, туку и **носители на културна меморија и демократска енергија**.[11]Младите не се само бројка во статистика – тие се дел од идентитетскиот колектив, без кој културниот и општествениот континуитет се доведуваат во прашање.

## 2. ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И ИДНИНАТА НА ТРУДОТ: МЕЃУ ЕКОНОМСКАТА И ДЕМОКРАТСКАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА

На глобално ниво, вештачката интелигенција (ВИ) претставува нова фаза во технолошката еволуција, која не ги елиминира сите работни места, туку го менува начинот на кој трудот е организиран и вреднуван.[12] Наместо да се гледа како закана, ВИ треба да се сфати како **инструмент кој ја рефлектира структурата на моќ и вредностите на своите творци**.[13]

7 *Национална стратегија за млади* 2023 – 2027 (Скопје: Агенција за млади и спорт, 2023).
8 Institute for Democracy “Societas Civilis” Skopje, *Youth Trends and Participation Report* (Скопје: IDSCS, 2024).
9 CEIC Data, “North Macedonia Youth Migration Statistics,” accessed May 2025, https://www.ceicdata.com.
10 World Bank, *Western Balkans Labor Market Trends 2024* (Washington, DC: World Bank, 2024), 17.
11 Vladimir Grujeski, *Младите воМакедонија – реалии, предизвици и културна перспектива* (необјавен ракопис, 2025).
12 Kate Crawford, *Atlas of AI: Power, Politics, and the Planetary Costs of Artificial Intelligence* (New Haven: Yale University Press, 2021), 47.
13 Shannon Vallor, *Technology and the Virtues: A Philosophical Guide to a Future Worth Wanting* (Oxford: Oxford University Press, 2016), 112.




**Слика 1:** The Science of Machine Learning & AI. 2024. "The Accelerating Evolution of Artificial Intelligence." September 21. https://www.ml-science.com/blog/2024/9/9/the-future-of-artificial-intelligence.

Истражувањата покажуваат дека зад автоматизацијата стои човечки труд – од слабо платени анотатори во Кенија до модератори на содржини во Мадагаскар – и дека производството на ВИ бара огромни природни ресурси.[14] Технологијата не е независна од општеството, туку резултат на конкретни социјални и економски односи.

Проблемот не е во самата технологија, туку во **распределбата на придобивките** што таа ги носи. Историјата на индустриските револуции покажува дека продуктивноста расте, но приходите и достоинството на работниците често стагнираат.[15] Од 1979 година наваму, разликата помеѓу продуктивноста и компензацијата на трудот во САД се зголемила 2,7 пати, а демократските институции ослабнале.[16]

Ако ВИ донесува зголемена продуктивност, прашањето е: **кој ќе ужива во придобивките?** Доколку тие се концентрираат само кај елитите кои поседуваат капитал, ќе се продлабочи нееднаквоста и ќе се еродира социјалната кохезија.

14 Freedom House, *Freedom and Technology Report 2025* (Washington, DC: Freedom House, 2025), 9.
15 Isabelle Ferreras, *Firms as Political Entities: Saving Democracy through Economic Bicameralism* (Cambridge: Cambridge University Press, 2017), 84.
16 Economic Policy Institute, "Charting Wage Stagnation," EPI Report (Washington, DC: EPI, 2025), https://www.epi.org/publication/charting-wage-stagnation/.

Затоа, еден од клучните одговори е **демократизација на трудот** – вклучување на работниците и младите во одлуките како да се користат новите технологии.[17]

Примери од Европа и светот покажуваат дека ова е можно:

- Во Германија, **работничките совети** учествуваат во имплементацијата на нови технологии;[18]
- Во Шведска, синдикатите и работодавците **заеднички ко-креираат технолошки решенија**;[19]
- Во Словенија е усвоен **Закон за работничко сопственииштво**, а во САД, групи инвеститори развиваат нови модели на компании со **работничка сопственост** (**Employee Ownership)** со цел што повеќе работници да имаат сопственички удел во фирмите во кои работат.[20]

Овие примери потврдуваат дека **економската демократија** не е утопија, туку практична рамка за одржлив развој.[21] Преку колективна сопственост, глас и учество, работниците стануваат соавтори на економските процеси.

## 3. МЛАДИТЕ КАКО ДВИГАТЕЛИ НА ИДНИНАТА: ОД ПАСИВНИ НАБЉУДУВАЧИ ДО АКТИВНИ СОАВТОРИ

Младите генерации се најмногу погодени од автоматизацијата и дигитализацијата, особено на влезните позиции на пазарот на труд.[22]Ако не се создадат механизми за нивно активно вклучување – преку образование, преквалификација, критичка писменост и учество во одлуки – тие ризикуваат да останат **потрошувачи на технологија**, а не нејзини **создатели**.[23]

Наместо младите да бидат заморени од системот, тие треба да бидат **вклучени во неговата трансформација**.[24] Тоа подразбира јавни политики што ќе поттикнат партнерства меѓу државата, универзитетите, стопанството и граѓанските организации, со цел создавање **иновативна, културно свесна и демократски одговорна генерација**.[25]

17 Goldman Sachs, "How Will AI Affect the Global Workforce?" *Goldman Sachs Insights*, April 2025.
18 German Federal Ministry of Labour and Social Affairs, *White Paper: Work 4.0* (Berlin: BMAS, 2017).
19 OECD, *The Future of Work: OECD Employment Outlook 2024* (Paris: OECD Publishing, 2024).
20 Financial Times, "The Graduate Jobpocalypse: Where Have All the Entry-Level Jobs Gone?" *FT Working It*, November 2024.
21 Isabelle Ferreras and Julie Battilana, "Democratizing Work: The Case for Economic Democracy," *Harvard Business Review*, July 2020.
22 International Labour Organization (ILO), *Global Employment Trends for Youth 2024: Technology, Transition and Inclusion* (Geneva: ILO, 2024), 6.
23 UNESCO, *Reimagining Our Futures Together: A New Social Contract for Education* (Paris: UNESCO, 2021), 54.
24 Robert Putnam, *Bowling Alone: The Collapse and Revival of American Community* (New York: Simon & Schuster, 2000), 19.
25 European Commission, *Youth Work and Democratic Participation: Policy Recommendations for Europe 2025* (Brussels: European Commission, 2025).

Во Македонија, тоа значи враќање на довербата преку меритократија, поддршка за младински иницијативи и искоренување на партиската условеност.[26] Ако младите добијат простор да творат и да имаат вистински избор, тие ќе создадат општество каде што културата, технологијата и демократијата ќе се развиваат паралелно.[27]

## ЗАКЛУЧОК: КОН НОВ ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР ПОМЕЃУ КУЛТУРАТА, ТРУДОТ И ТЕХНОЛОГИЈАТА

Македонското општество, како и многу други мали демократии, се наоѓа на пресвртница каде што прашањето не е дали ќе се интегрираме во дигиталната ера, туку **како ќе ја обликуваме**.[28] Токму младите, преку својата креативност, критичност и дигитална свесност, можат да станат новите **архитекти на општествената демократија**.[29]

За тоа да се случи, неопходно е да се создаде **нов општествен договор**, во кој културата и трудот ќе се третираат не како одвоени сфери, туку како меѓусебно зависни столбови на современата демократија.[30] Само преку **вклученост, достоинство и слободна мисла**, младите ќе ја претворат технологијата од предизвик во можност, а демократијата од збор – во живо искуство.[31]

Овој општествен договор треба да биде насочен кон **вреднување на културниот капитал**, **демократизација на економските процеси**, и **етичка примена на технологијата** како средство за јавен напредок, а не доминација.[32] На тој начин, Македонија може да ја позиционира својата млада генерација како двигател не само на национален, туку и на европски хуманистички прогрес.[33]

*Напомена:* *Овој труд е заеднички производ на авторите Мирчо Крстески, Владимир Грујески и Стефан Ивановски, под покровителство на Глобалната Македонска Фондација ВЕЧНА (ГМФВ).*

26 OECD, *Bridging the Skills Gap: Youth Employment and Innovation in South-Eastern Europe* (Paris: OECD Publishing, 2023).
27 Richard Florida, *The Rise of the Creative Class: Revisited* (New York: Basic Books, 2019), 27.
28 Anthony Giddens, *The Third Way: The Renewal of Social Democracy* (Cambridge: Polity Press, 1998), 54.
29 Amartya Sen, *Development as Freedom* (New York: Alfred A. Knopf, 1999), 37.
30 United Nations Development Program (UNDP), *Human Development Report 2024: Breaking the Gridlock – Reimagining Cooperation in a Polarized World* (New York: UNDP, 2024), 11.
31 Martha C. Nussbaum, *Creating Capabilities: The Human Development Approach* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 2011), 85.
32 World Economic Forum (WEF), *Shaping the Future of the Digital Economy: A New Social Contract for the AI Age*(Geneva: WEF, 2023).
33 Manuel Castells, *Networks of Outrage and Hope: Social Movements in the Internet Age*, 3rd ed. (Cambridge: Polity Press, 2021), 122.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Анита Николовска**
е експерт за младински политики и граѓанско општество од Северна Македонија, со долгогодишно искуство во областите младинско учество, граѓанско образование и локален развој. Повеќе од една деценија е активно вклучена во младинскиот сектор, извршувајќи различни улоги, меѓу кои и извршна директорка на организацијата „Youth Can“, каде што водеше многубројни национални и регионални иницијативи насочени кон младинско зајакнување, претприемништво и демократско учество.
Нејзината работа ги спојува практичното искуство во имплементација на проекти со истражување и застапување на политики поврзани со младинско политичко учество, институционална доверба и граѓански иновации.

Прегледна научна статија
UDC 061.2-053.6:32(497.7)
342.571-053.6(497.7)

Анита Николовска

# ГЛАСОВИ ВО ТИШИНАТА: КАКО МАКЕДОНСКАТА МЛАДИНА СЕ СНАОЃА ВО ПОЛИТИКАТА

## ВОВЕД

Во современа Северна Македонија, односот меѓу младите и политиката претставува и предизвик и можност за демократскиот развој на државата. Младите сочинуваат речиси една петтина од населението, но нивните гласови остануваат недоволно застапени во политичкиот живот и во структурите на донесување одлуки. Овој парадокс — генерација која е сè пообразована, дигитално поврзана и општествено свесна, но политички маргинализирана — го нагласува сложениот спој меѓу разочараноста, институционалната недоверба и потрагата по нови облици на учество.

Овој текст тврди дека ограниченото политичко учество на младите во Северна Македонија не произлегува од апатија, туку претставува одраз на структурни бариери, недоволна политичка едукација и трансформација на политичкото ангажирање во неформални и дигитални форми. Потпирајќи се на понови студии и регионални споредби, анализира како македонската младина се движи низ политичкиот пејзаж преку активизам, граѓанско учество и социјалните мрежи, истовремено дистанцирајќи се од традиционалните институции и партии.

Текстот ги поставува младите во Северна Македонија во поширок европски контекст, истакнувајќи ги и предизвиците и можностите за демократско обновување. Целта е да се идентификуваат патишта за зголемување на смисленото младинско учество, истовремено адресирајќи ги структурните и информациските бариери.[1]

## 1. АКТИВИЗАМ, ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО И ЛОКАЛНИ ПРОБЛЕМИ

Младинскиот активизам во Северна Македонија го отсликува парадоксот на ангажман без институционално вкоренување. Иако младите сè повеќе се огласуваат по општествени прашања — заштита на животната средина, родова еднаквост, образование и социјална правда — нивното учество најчесто се одвива надвор од формалните политички и граѓански канали. Според Мисијата на ОБСЕ во Скопје (2023), околу 45 % од младите испитаници учествувале во граѓански иницијативи

1 Westminster Foundation for Democracy (WFD), Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia (Skopje: WFD, 2024), 12.https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

или волонтирале во претходната година, но помалку од 10 % се членови на регистрирани младински здруженија.[2]

**Табела 1: Младинско учество во граѓански активности во Северна Македонија (2023)**

| Активност | Процент на вклучени млади |
|---|---|
| Волонтирање / граѓански иницијативи | 45 % |
| Членство во регистрирано младинско здружение | 10 % |
| Учество во локални консултации | 32 % |
| Дигитален активизам / кампањи | 38 % |

**Извор:** *ОБСЕ 2023; WFD 2024.*

Ова покажува дека младите се политички активни, но под свои услови. Многумина претпочитаат флексибилен, тематски ориентиран активизам пред членство во установени структури како политички партии, синдикати или формални невладини организации.[3] Примери се еколошки протести, дигитални кампањи против родово базирано насилство и студентски движења за образовни реформи, најчесто преку социјалните мрежи.[4] Експанзијата на платформи како „TikTok“, „Instagram“ и „Facebook“ создаде простори каде што младите можат да се мобилизираат, да споделуваат информации и да креираат дигитални кампањи кои во рок од неколку часа допираат до стотици или илјадници луѓе. Овие платформи, иако неформални, станаа клучни за вклучувањето на младите во политичкиот дискурс.[5]

На локално ниво, сепак, структурните бариери остануваат. Општинските младински совети, воспоставени со Законот за младинско учество и младински политики (2020), често се недофинансирани и политички маргинализирани.[6] Нивната советодавна улога често е симболична, што ја ограничува можноста за суштински придонес. Според извештајот на Фондацијата за демократија

2 OSCE, Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 34.https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470

3 Ibid., 36.

4 Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX

5 Ibid., 22

6 Влада на Република Северна Македонија, Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник бр. 10/20.

на Вестминстер ВФД (2024), повеќе од две третини од младите никогаш не учествувале во локални консултации или процеси на носење одлуки.[7]

Сепак, младинските иницијативи покажуваат потенцијал за демократско обновување „одоздола“. Програмите како „Europe House“ и младинските акциски центри на УНДП успеаја да ги поврзат младите активисти со општините за решавање на урбанистички, културни и еколошки проблеми.[8] Кога на младите им се дава можност и пристап до ресурси, тие можат да ги трансформираат локалните средини и да ги зајакнат граѓанските норми. На пример, во Скопје и Крива Паланка, иницијативи предводени од млади придонесоа за проекти за озеленување на урбани простори и за организирање културни фестивали кои го зајакнаа локалното заедничко учество, покажувајќи како граѓанските проекти можат истовремено да поттикнат социјална кохезија и политичка свесност.[9]

Но без системска интеграција на гласот на младите, активизмот ризикува да остане привремен и реактивен. Како што рече еден 22-годишен учесник во фокус-група:
*„Се вклучуваме кога нешто нè лути, но ретко затоа што чувствуваме дека институциите се наши.“*[10] Оваа констатација ја отсликува пошироката состојба: иако младите се мотивирани да дејствуваат, нивното ангажирање често е епизодно, поврзано со конкретни прашања и одвоено од институционализираните политички структури.

Споредбено, земјите од Западен Балкан се соочуваат со слични предизвици. Во Албанија и Србија, учеството на младите останува претежно насочено кон одредени прашања, што го одразува скептицизмот кон традиционалните политички институции и потпирањето на неформален активизам.[11] Овие регионални паралели укажуваат дека искуството на Северна Македонија е дел од поширок генерациски тренд во транзициските демократии, каде што формалните институции се соочуваат со тешкотии да привлечат и да задржат млади учесници.

7 WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 45.https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

8 Ibid., 47

9 Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX

10 OSCE, Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 35. https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470

11 Migration Policy Institute (MPI), Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans (Washington, D.C.: MPI, 2021), 23–25. https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

## 2. ПОЛИТИЧКА ЕДУКАЦИЈА И ПИСМЕНОСТ

Политичката писменост — способноста да се разбираат, оценуваат и применуваат политички информации — е клучна за демократското учество. Во Северна Македонија, таа останува кревка. Истражувањето на Фондацијата Фридрих-Еберт (2023/24) покажува дека само 18 % од младите се чувствуваат доволно информирани за политичките процеси;[12] речиси половина ретко или никогаш не следат политички вести.[13]

Формалното граѓанско образование во голема мера останува теоретско. Училиштата се фокусираат на меморирање на институционални структури, наместо на критичко ангажирање со политичките динамики.[14] Неколку училишни иницијативи за граѓанска едукација во Северна Македонија воведоа партиципативни методи — ученички совети, дебатни програми и проектно учење — со цел да се премине од репродуктивно учење кон активно граѓанство. Евалуациите и националните истражувања укажуваат дека ваквите пристапи можат да ја зголемат самодовербата на учениците во однос на граѓанското делување, но нивната распространетост останува ограничена и нерамномерна меѓу општините.[15]

Социјалните мрежи стануваат доминантен извор на политички информации. Според WFD (2024), повеќе од 70 % од младите се информираат преку „TikTok“ и „Instagram“.[16] Иако дигиталните медиуми го зголемуваат пристапот до информации и овозможуваат политичка мобилизација, тие исто така ја засилуваат дезинформацијата и алгоритамските ехо-комори.[17] Погрешните перцепции за политичките процеси, во комбинација со селективната изложеност на вести, можат да го нарушат разбирањето на младите за изборите, политичките дебати и партиската политика.[18]

12 Friedrich Ebert Stiftung (FES). Youth Study North Macedonia 2023/24: Navigating Discontent. Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration. Skopje: FES, 2024, 42. https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf

13 Ibid., 44

14 Ministry of Education and Science, National Civic Education Framework (Skopje: Government of North Macedonia, 2022), 14.

15 Friedrich-Ebert-Stiftung (FES), Youth Study North Macedonia 2023/24: Navigating Discontent. Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration (Skopje: FES, 2024), https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf

16 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 28. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

17 CONNEKT Consortium, Micro Approaches to the Study of Radicalisation and Violent Extremism in MENA and the Balkans (Barcelona/International: IEMed / CONNEKT, April 2024), link: https://h2020connekt.eu/wp-content/uploads/2024/04/D7.3-Report-on-micro-level-drivers-of-radicalisation-in-MENA-and-the-Balkans.pdf

18 Ibid., 15

Сепак, дигиталните платформи носат и можности за граѓанско ангажирање и неформално учење. Иницијативи како „Види Вака“ користат интерактивни видеа, квизови и онлајн-кампањи за да ја информираат младината за демократското учество и граѓанските права.[19] Со правење на граѓанското образование визуелно привлечено и интерактивно, ваквите програми можат да ги надминат ограничувањата на традиционалните наставни програми.[20]

Политичкото образование во Северна Македонија мора да се развие надвор од учебниците за да поттикне компетентност, активна вклученост и критичко размислување, овозможувајќи им на младите не само да ја разбираат политиката, туку и активно да ја обликуваат. Како што напишал Џон Дјуи: *„Демократијата мора повторно да се раѓа со секоја генерација, а образованието е нејзината бабица.*[21]*“* Развивањето критичка медиумска писменост е особено итно, имајќи ја предвид сè поголемата улога на социјалните мрежи во обликувањето на политичкиот дискурс.

Споредбено, младите во Западна Европа генерално имаат поголема изложеност на интерактивно граѓанско образование и партиципативни програми, иако и таму постојат предизвици во справувањето со влијанието на социјалните медиуми и политичката дезинформација. Северна Македонија може да учи од овие искуства преку поврзување на формалното образование со иновативни дигитални стратегии за граѓанско ангажирање.[22]

## 3. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ВО ПОЛИТИКАТА

Формалното политичко учество кај младите останува ограничено. Членството во партии, кандидатурата и извршувањето функции во голема мера се недостапни. Според WFD (2024), само 9,9 % од младите се членови на политички партии, а само 2,5 % имаат пратенички мандати.[23] Младинските организации во рамките на партиите често немаат вистинско влијание, сведувајќи ги младите членови на симболична застапеност.[24]

19 “Vidi Vaka Media Platform,” Annual Report 2023.

20 Ibid.

21 John Dewey, Democracy and Education (New York: Macmillan, 1916), 357.

22 Migration Policy Institute (MPI). Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans. Washington, D.C.: MPI, 2021, 27. https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

23 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 51. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

24 Ibid., 52

Институтот за миграциска политики (2021) известува дека Северна Македонија е под регионалниот просек на Западен Балкан во политичкото учество на младите, со резултат од 40 % на нивниот индекс, во споредба со регионален просек од 52 %.[25] Пречките вклучуваат хиерархиско носење одлуки, недостаток на политики ориентирани кон млади во партиските програми и ограничени можности за менторство или развој на лидерски вештини.[26]

**Табела 2: Индикатори за политичко учество на млади**

| Индикатор | Северна Македонија | Просек Зап. Балкан |
|---|---|---|
| Членство во партија | 9,9 % | 12 % |
| Пратенички функции | 2,5 % | 4 % |
| Излезност на локалните избори 2023 | 64 % | 58 % |

**Извор:** *WFD 2024; MPI 2021.*

Некои локални трендови се поохрабрувачки. Младите политичари се сè повеќе видливи на општинско ниво, често преку кампањи насочени кон одредени прашања или коалициски иницијативи. Квоти за млади кандидати, транспарентни внатрешни партиски избори и програми за менторство би можеле да овозможат поголема застапеност и да внесат нова енергија во политичките институции.[27] Програмите што го поддржуваат учеството на жените и младите од руралните средини се особено ефективни, истакнувајќи како политиките за инклузија можат да се справат со општествени бариери од различни сфери.[28]

Регионалните споредби покажуваат дека застапеноста на младите во формалната политика останува заеднички предизвик во Југоисточна Европа. Земји како Хрватска и Словенија, со посилни политики за вклученост на младите и формални механизми, имаат поголеми стапки на вклученост на младите на политички функции и членство во партии, што сугерира дека институционалните реформи можат да донесат конкретни резултати.[29]

25 Migration Policy Institute (MPI). Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans. Washington, D.C.: MPI, 2021, 30. https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

26 Ibid., 31.

27 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 53. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

28 Ibid., 54

29 Migration Policy Institute (MPI). Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans. Washington, D.C.: MPI, 2021, 32-34. https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

## 4. ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И ПОЛИТИЧКАТА СЦЕНА

Довербата во институциите е фундаментален предуслов за демократска вклученост. Без доверба во актерите и структурите на владеење, младите се помалку склони да учествуваат суштински, било да се работи за гласање, активизам или формална политика. Како што е прикажано во табела 3, во Северна Македонија, довербата меѓу младите останува изразено ниска. Истражувањето на WFD (2024) покажа дека само 12 %  од младите имаат доверба во политичките партии, а помалку од 20 % имаат доверба во Собранието.[30] Организациите на граѓанското општество и полицијата уживаат релативно повисоко ниво на доверба — соодветно 41 % и 36 %.[31]

**Табела 3: Доверба во институции (2024)**

| Институција | Процент на доверба |
|---|---|
| Политички пар-тии | 12 % |
| Собрание | 18 % |
| Полиција | 36 % |
| НВО | 41 % |

**Извор:** WFD, 2024

Недовербата произлегува од перцепции за корупција, непрофесионализам и немање слух за младински прашања. Истражувањата покажуваат дека разочараноста е особено изразена кога станува збор за традиционалните партии и националните политички елити.[32] Многу млади луѓе сметаат дека партиската политика е хиерархиска и доминирана од вкоренети интереси, што води до впечаток дека учеството е бесцелно. Учесник во фокус-група во Скопје објасни: *„Дури и ако се придружиме на партија или гласаме, одлуките веќе се донесени. Се чувствуваме како набљудувачи, а не како учесници.“*[33]

30 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 55. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

31 Ibid., 56

32 OSCE, Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 40. https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470

33 Ibid., 41.

Сепак, младите покажуваат волја да имаат доверба и да се вклучат во алтернативни институции, како невладини организации, локални совети и онлајн граѓански платформи.[34] Иницијативи како „Младинските локални банки" покажуваат дека кога институциите се одговорни, транспарентни и партиципативни, младинскиот ангажман значително се зголемува.[35] Овие искуства покажуваат дека довербата не е статична — таа може да се развие преку континуирана интеракција, видливи резултати и отчетност.

Регионалните споредби сугерираат слични модели низ Западниот Балкан. Во Албанија и Србија, ниската доверба во националните институции коегзистира со поголема доверба во локалните организации, иницијативите на локално ниво и меѓународните невладини организации.[36] Ова укажува дека младите не ја отфрлаат вклученоста целосно, туку претпочитаат институционални канали кои се кредибилни, транспарентни и ориентирани кон резултати. Таквите наоди ја истакнуваат важноста од институционални реформи и одговорност за поттикнување долгорочно учество на младите.

## 5. ИЗБОРИ И ГЛАСАЊЕ

Гласањето останува најчестата форма на политичко учество. Според WFD (2024) 64 % од младите гласаа на локалните избори во 2023 година, што претставува мало зголемување во однос на 59 % во 2020 година.[37] Иако овие бројки укажуваат на умерено ангажирање, квалитативните податоци откриваат понијансирана слика. Многу млади гласачи учествуваат по навика, под социјален притисок или од граѓанска должност, наместо од вистинско чувство на политичка ефикасност.[38]

Гласачите кои гласаат првпат често пријавуваат фрустрација поради нетранспарентни процеси, доминација на партиите и ограничено влијание врз исходите. Еден 19-годишен гласач од Тетово коментира: *„Гласањето се чувствува како ритуал. Не сум сигурен дека мојот глас нешто менува."*[39] И покрај овие перцепции, иницијативи насочени кон гласачи кои гласаат за првпат — како

34 Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023)

35 Ibid.

36 Migration Policy Institute (MPI). Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans. Washington, D.C.: MPI, 2021, 35. https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

37 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 60. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

38 Ibid., 61

39 OSCE, Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 42. https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470

кампањи за граѓанско образование и дигитален ангажман преку социјалните мрежи — покажале потенцијал за зголемување на свесноста и излезноста.[40]

Споредбено, излезноста на младите во државите-членки на ЕУ на изборите за Европскиот парламент во 2019 година изнесувала просечно 42 %.[41] Излезноста на младите во Северна Македонија изгледа релативно висока според регионалните стандарди, но квалитетот на учеството, дефиниран како информирано, свесно и континуирано ангажирање, останува низок. Зголемувањето на граѓанската писменост, зголемувањето на видливоста на изборниот импакт и создавањето механизми за консултации што ги вклучуваат младите би можеле да го трансформираат рутинското гласање во суштинска демократска акција.[42]

## ПРЕПОРАКИ

За да се претвори потенцијалот на младинското ангажирање во суштинско демократско учество, потребно е да се следат неколку меѓусебно поврзани стратегии. Овие стратегии комбинираат структурни реформи, образовни иновации и градење доверба, со цел да се создаде средина во која младите граѓани активно ќе го обликуваат општеството.

1. **Јакнење на институционалните механизми за младинско учество**
   Општинските младински совети и другите консултативни тела треба да добијат вистински овластувања за одлучување, јасни буџети и стабилни канали за давање предлози за политики. Националните политики треба да обезбедат младинските гласови систематски да се интегрираат во законодавните и управните процеси, а не да се третираат само формално.[43] Формализирањето на овие механизми може да ја зајакне улогата на младите во процесот на креирање политики, да ја подобри граѓанската одговорност и да поттикне чувство на сопственост врз локалните и националните одлуки.
2. **Унапредување на политичката и граѓанската едукација**
   Училиштата, универзитетите и неформалните програми треба да поттикнуваат критичко размислување, медиумска писменост и активно

40 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 62. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

41 European Parliament, Post-election Survey 2019 – First Results, 1 https://www.europarl.europa.eu/at-your-service/en/be-heard/eurobarometer/post-election-survey-2019-first-results.

42 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 63. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

43 Влада на Република Северна Македонија, Закон за младинско учество, 10/20

граѓанство. Погоре споменатите иницијативи веќе ја покажаа ефективноста на партиципативните проекти, дебатите и ученичките совети во зајакнување на граѓанските компетенции. Националното проширување на овие програми и интеграцијата на дигитални алатки може да им помогнат на младите да се снаоѓаат со комплексни политички информации, критички да проценуваат медиумски содржини и да носат информирани одлуки.[44]

3. **Реформа на политичките партии и можности за лидерство**
   Политичките партии треба да отвораат простор за младите во лидерството и процесите на одлучување, да воведат менторски програми и да применат транспарентни механизми за напредување. Ова може да ги надмине структурните бариери и да создаде патеки од активизмот на терен до формално политичко влијание, со што ќе се зајакне застапеноста на младинските перспективи во институционалната политика. Посебно внимание треба да се посвети на жените, руралната младина и на маргинализираните групи, за да се обезбеди поинклузивно политичко учество.[45]

4. **Обнова на довербата меѓу младите и институциите**
   Транспарентноста, одговорноста и меѓугенерацискиот дијалог се од суштинско значење за враќање на довербата во политичките институции. Владата и политичките партии мора јасно да одговараат на предизвиците на младите, да ги комуницираат своите постигнувања и да покажат дека ангажманот носи реални резултати. Доказите од локалните иницијативи укажуваат дека видливото влијание е клучно за градење долгорочна доверба.[46]

5. **Поддршка и проширување на локалните младински иницијативи**
   Проектите водени од млади во области како заштита на животната средина, урбано планирање и социјални иновации треба да бидат препознаени, поддржани и поврзани со формалните структури на управување. Овие иницијативи ги зајакнуваат младите и граѓанските норми и нудат практични примери за демократско учество во практика. Проширувањето

44 Westminster Foundation for Democracy (WFD), Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia (Skopje: WFD, 2024), https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

45 Migration Policy Institute (MPI). Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans. Washington, D.C.: MPI, 2021, 36. https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

46 CONNEKT Consortium, Micro Approaches to the Study of Radicalisation and Violent Extremism in MENA and the Balkans (Barcelona/International: IEMed / CONNEKT, April 2024), https://h2020connekt.eu/wp-content/uploads/2024/04/D7.3-Report-on-micro-level-drivers-of-radicalisation-in-MENA-and-the-Balkans.pdf

на финансирањето, менторството и меѓуопштинското вмрежување може дополнително да го зголеми нивното влијание.[47]

Со интегрирано и континуирано спроведување на овие стратегии, Северна Македонија може да го трансформира епизодното активистичко делување во трајно, институционализирано учество, обезбедувајќи младите да бидат активни носители на демократски промени, а не само пасивни набљудувачи.[48]

## ЗАКЛУЧОК

Младите во Северна Македонија заземаат сложена и парадоксална позиција во демократскиот пејзаж на земјата. Тие се едуцирани, дигитално поврзани и општествено свесни, но нивните гласови и понатаму се недоволно застапени во политичките институции и структурите на одлучување. Иако се подготвени да се ангажираат, нивното учество најчесто е неформално, епизодно и поврзано со конкретни прашања, наместо структурирано, континуирано и институционализирано.[49]

Структурните, образовните и мотивациските бариери — хиерархиските партиски структури, недоволно финансираните општински младински совети, ограничената граѓанска едукација и недовербата кон политичките елити — и понатаму го попречуваат младинскиот ангажман. Мотивираните млади често бараат алтернативни начини за влијание преку локални иницијативи, дигитален активизам и неформално заедничко делување.[50] Овие патеки ја демонстрираат нивната креативност, отпорност и желбата да придонесат кон општествени промени, покажувајќи дека младинската апатија не е одлика на оваа генерација, туку реакција на структурните ограничувања.

Конечно, доказите укажуваат на генерација која е скептична, но мотивирана; дигитално вешта, но институционално маргинализирана. За демократијата во Северна Македонија да напредува, потребни се континуирани напори за интегрирање на младинските гласови во формалните политички структури, градење доверба и опремување на младите граѓани со знаења и вештини за суштинско учество. Со тоа, државата ќе може да ја искористи енергијата и

47 Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX
48 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 65. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
49 WFD, Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia, 66. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
50 Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX

иновацијата на младите како двигател на демократската обнова, претворајќи го епизодниот активизам во постојана и трансформативна сила.[51]

## БИБЛИОГРАФИЈА:

1. Westminster Foundation for Democracy (WFD), *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia* (Skopje: WFD, 2024), 12.https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
2. OSCE, *Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia* (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 34.https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470
3. Ibid., 36.
4. Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX
5. Ibid.
6. Влада на Република Северна Македонија, Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник бр. 10/20.
7. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 45.https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
8. Ibid., 47.
9. Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX
10. OSCE, *Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia* (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 35.https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470
11. Migration Policy Institute (MPI), *Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans* (Washington, D.C.: MPI, 2021), 23–25. https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans
12. Friedrich-Ebert-Stiftung (FES). *Youth Study North Macedonia 2023/24: Navigating Discontent. Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration.* Skopje: FES, 2024, 42.https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf
13. Ibid., 44.
14. Министерство за Образование и наука, *National Civic Education Framework* (Skopje: Government of North Macedonia, 2022), 14.
15. Friedrich-Ebert-Stiftung (FES), Youth Study North Macedonia 2023/24: Navigating Discontent. Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration (Skopje: FES, 2024), https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf

51 Friedrich Ebert Stiftung (FES). Youth Study North Macedonia 2023/24: Navigating Discontent. Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration. Skopje: FES, 2024, 50. https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf

16. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 28. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

17. CONNEKT Consortium, Micro Approaches to the Study of Radicalisation and Violent Extremism in MENA and the Balkans (Barcelona/International: IEMed / CONNEKT, April 2024), https://h2020connekt.eu/wp-content/uploads/2024/04/D7.3-Report-on-micro-level-drivers-of-radicalisation-in-MENA-and-the-Balkans.pdf

18. Ibid.

19. "Vidi Vaka Media Platform," *Annual Report 2023*.

20. Ibid.

21. John Dewey, *Democracy and Education* (New York: Macmillan, 1916), 357.

22. Migration Policy Institute (MPI). *Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans.* Washington, D.C.: MPI, 2021, 27.https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

23. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 51. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

24. Ibid., 52.

25. Migration Policy Institute (MPI). *Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans.* Washington, D.C.: MPI, 2021, 30.https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

26. Ibid., 31.

27. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 53.https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

28. Ibid., 54.

29. Migration Policy Institute (MPI). *Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans.* Washington, D.C.: MPI, 2021, 32-34.https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans

30. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 55. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

31. Ibid., 56.

32. OSCE, *Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia* (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 40. https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470

33. Ibid., 41.

34. Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX

35. Ibid.

36. Migration Policy Institute (MPI). *Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans.* Washington, D.C.: MPI, 2021, 35.https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans
37. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 60. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
38. Ibid., 61.
39. OSCE, *Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia* (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 42. https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470
40. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 62. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
41. European Parliament, Post-election Survey 2019 – First Results, 1 https://www.europarl.europa.eu/at-your-service/en/be-heard/eurobarometer/post-election-survey-2019-first-results
42. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 63. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
43. Влада на Република Северна Македонија, Закон за младинско учество, 10/20.
44. Westminster Foundation for Democracy (WFD), Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia (Skopje: WFD, 2024), https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
45. Migration Policy Institute (MPI). *Civic and Political Engagement of Youth in the Western Balkans.* Washington, D.C.: MPI, 2021, 36.https://www.migrationpolicy.org/research/civic-political-engagement-youth-western-balkans
46. CONNEKT Consortium, Micro Approaches to the Study of Radicalisation and Violent Extremism in MENA and the Balkans (Barcelona/International: IEMed / CONNEKT, April 2024), https://h2020connekt.eu/wp-content/uploads/2024/04/D7.3-Report-on-micro-level-drivers-of-radicalisation-in-MENA-and-the-Balkans.pdf
47. Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX
48. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 65. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
49. WFD, *Fourth Study of Socio-Political Participation of Youth in North Macedonia*, 66. https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia
50. OSCE, *Perceptions, Views, and Challenges of Young People in North Macedonia* (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2023), 44. https://www.osce.org/mission-to-skopje/575470
51. Youth Can, Youth Local Banks Portfolio (Skopje: Youth Can, 2023) https://shorturl.at/ULiAX
52. Friedrich-Ebert-Stiftung (FES). *Youth Study North Macedonia 2023/24: Navigating Discontent. Youth Perspectives on Education, Employment, and Migration.* Skopje: FES, 2024, 50.https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf